ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2019 ГОДИНА

Скопје, мај 2020 година

СОДРЖИНА


I. ВОВЕД 3

II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ 7

1. Број на осигуреници 7
2. Корисници на пензија 11
3. Корисници на најнизок износ на пензија 16
4. Корисници на паричен надоместок со преостаната работна способност 17
5. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување 18
6. Учество на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ 18

III. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ 19

IV. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ 22

1. Приходи на Фондот 23
2. Расходи на Фондот 29
3. Финансиски резултат 35
4. Акции и удели 36
5. Наплата на заостанатите ненаплатени придонеси 37
6. Информирање 38

V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ 41

1.Извештај за остварени права од ПИО во прв степен 41
2. Извештај за работата на Одделението за норматива, следење и примена на правни прописи и за постапување по претставки 46
3. Остварување на правата според меѓународни договори за социјално осигурување 48
4. Работа на Одделението за оцена на работната способност 50
5. Матична евиденција 55
6. Исплата на пензии 64
7. Имотно - правно работење 66
8.Органи на управување на Фондот 68
    1. Управен одбор 68
    2. Директор 70
9. Стручна служба на Фондот 71
    1. Човечки ресурси 71
    2. Одделение за внатрешна ревизија 75
    3. Буџетска контрола 77
    4. Јавни набавки 78
    5. Солидарен фонд 82
10. Информатички систем 84
11. Стопанисување со имотот на Фондот 90

VI. ЗАКЛУЧОК 93

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2019 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Во секоја земја, едно од најзначајните места во целокупниот општествен, социјален и политички живот за населението зазема пензиското и инвалидското осигурување. Севкупните економски, социјални и демографски движења во општеството влијаат на развојот на пензискиот систем на секоја земја, а неговото значење се изразува преку бројот на осигуреници кои плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување, стапката на придонес што се плаќа, бројот на корисниците на пензија и износот на истата и учеството на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ на земјата. Пензискиот систем на Република Северна Македонија ги следи препораките и начелата на пензиските сситеми на земјите членки на ЕУ, со цел за компатибилност со нив и како идна стратегија во процесите за членство во ЕУ.

Во Извештајот за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2019 година се содржани поединечните и сеопфатни податоци и образложенија за остварените резултати од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување во РСМ. Годишниот извештај содржи статистички податоци за остварените права од пензиското и инвалидско осигурување, финансиски податоци за работата на Фондот, податоци за решавање на правата од пензиското и инвалидско осигурување, матичната евиденција, општествениот стандард на корисниците на пензија и друго. Многубројните активностите на Фондот имаат влијание врз целата повозрасна популација во Републиката, а индиректно и врз членовите на нивните семејства.

Пензиското и инвалидското осигурување во Република Северна Македонија од 2006 година функционира како тростолбен систем, и тоа:

- Задолжително пензиско и инвалидско осигурување по основ на меѓугенерациска солидарност (Прв столб),
- Задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Втор столб),
- Доброволно пензиско осигурување врз основа на индивидуално капитализирано штедење (Трет столб).

Во Првиот и Вториот столб од пензискиот систем, задолжително се опфатени сите вработени по основ на работен однос и вршење на дејност по разни основи, додека Третиот столб е на доброволна основа.

Работењето на Фондот се извршува согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Буџетот на Фондот, Програмата за работа на Управниот одбор на Фондот и Стратегискиот план на Фондот.

Во рамките на пензиското и инвалидско осигурување, својата социјална сигурност ја остваруваат 333.722 корисници на права од пензиското и инвалидско осигурување, односно 324.039 корисници на пензија, 9.597 корисници на паричен надоместок за телесно оштетување и 86 корисници на паричен надоместок со преостаната работна способност, или 16,02% од вкупното население на Република Северна Македонија во 2019 година (оценети 2.083.000), а учеството на вкупните расходи за пензиското и инвалидско осигурување (73.122,4 милиони денари) во бруто домашниот производ (697.431,00 милион денари), изнесува 10,48%, додека за исплата на пензии 8,08%.

Органи на управување на Фондот се Управниот одбор и Директорот на Фондот. Според член 156 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ" бр.98/2012 година), Управниот одбор на Фондот брои седум члена именувани од Владата со мандат од четири години. Од овој број, два члена се по

предлог на Владата на Република Северна Македонија и пет членови се именувани на предлог од: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Репрезентативниот синдикат член на Економско-социјалниот совет, Репрезентативното здружение на работодавачите член на Економско-социјалниот совет и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Од 2012 година, согласно членот 120 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 98/2012), стапката на придонес која се распределува за Вториот пензиски столб изнесува 6% фиксно од основицата за плаќање на придонесот утврдена со закон, а за Првиот столб се распределува 12,4% од вкупната стапка од 18,4% од уплатениот придонес во 2019 година.

На крајот од 2019 година, бројот на осигурениците изнесувал 581.405, додека бројот на корисниците на пензија изнесувал 324.039 корисници (заедно со минималните земјоделски и воени корисници), или во соднос 1,79 осигуреника на 1 пензионер.

И во 2019 година, Фондот водеше кадровска политика согласно препораките на Владата на Република Северна Македонија, да нема нововработени на упразнетите работни места по основ на пензионирање или останати основи. Бројот на вработените во 2019 година е намален за 28, но и покрај тоа со рационално искористување на целокупниот човечки потенцијал и негово зголемено ангажирање се остварени зацртаните цели.

Во 2019 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 75.915,53 милиони денари и вкупни расходи во износ од 73.122,44 милиони денари, односно вишок на приходи над расходи од 2.793,09 милиони денари. На финансиското работење на Фондот во 2019 година, влијаеше неостварувањето на предвидените макроекономски индикатори. Од тие причини е изготвен и усвоен Ребаланс на Буџетот на Фондот.

Во 2019 година, Фондот изврши усогласување на пензиите од 0,7% од 1-ви јануари и 0,4% од 1-ви јули 2019 година за сите корисници на пензија со остварено

право на пензија со декември 2018 година, односно со јуни 2019 година, што имаше влијание врз одржувањето на реалната вредност на пензиските примања.

Со извршеното усогласување на пензиите, просечната пензија во декември 2019 година (од работничко право) изнесуваше 14.579 денари и во однос на 2018 година (14.421) е повисока за 1,09%, а заедно со минималните земјоделски и воени пензии, просечната пензија во 2019 година изнесуваше 14.602 денари, а во 2018 година истата изнесуваше 14.451 денар и е зголемена за 1,04%.

Со примена на Проектот за техничка поддршка за дизајнирање на новите деловни процеси за остварување на правата и исплата на пензиите, во 2019 година значително е скратен рокот за решавање на правата од пензиското и инвалидско осигурување и исплатата на пензиите.

Во декември 2019 година се исплатуваа пензии на вкупно 324.039 корисници на пензија (со воени и минимални земјоделски), со просечен месечен износ на расходи во износ од 4.693,18 милиони денари во нето износ и 619,79 милиони денари придонес за здравствено осигурување, или заедно 5.312,97 милион денари.

Во 2019 година, согласно законските прописи за продажба на акциите и уделите што ги поседува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, стекнати по основ на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Комисијата за акции и удели поднесе пет предлози до Управниот одбор на Фондот за продажба на акциите и уделите на Фондот. Врз основа на петте предлози, Управниот одбор на Фондот донесе пет одлуки за продажба на акции и уделите, а Владата на Република Северна Македонија донесе пет одлуки за давање согласност на одлуките на Управниот одбор за продажба на акциите на Фондот. Врз основа на одлуките на Управниот одбор донесени во претходните години, Комисијата за акции и удели донесе и 10 заклучоци за повторна понуда на јавна берзанска аукција на акциите и уделите кои останаа непродадени на претходно одржаните аукции.

И во 2019 година, Фондот учествуваше во спроведувањето на Проектот на Владата на Република Северна Македонија за бањско-климатска рекреација на корисниците на пензија. Поднесувањето на барањата и електронската обработка се вршеше во Фондот, кои беа доставувани до Комисијата за рангирање на барањата. По рангирањето на Комисијата, Фондот ги извести сите корисници на пензија на кои им е одобрено користење на услугата писмено и телефонски преку Кол-центарот, а списоците беа објавени и на веб-страницата на Фондот. На корисниците со одобрена бањско –климатска рекреација, Фондот им дозначуваше средства за превоз, а услугите за рекреација беа платени на бањите, кои беа надоместени од Буџетот.

# II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

## 1. Број на осигуреници

Врз основа на матичната евиденција на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија со состојба декември 2019 година, евидентирани се 85.697 обврзници и 581.405 осигуреници со задолжително пензиско и инвалидско осигурување.

**Табела бр. 1:** Број на осигуреници и обврзници во декември 2019 година:

| Реден број | Филијали | Обврзници | Осигуреници |
|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 1.100 | 4.037 |
| 2 | Битола | 4.761 | 35.237 |
| 3 | Валандово | 572 | 2.937 |
| 4 | Велес | 2.535 | 14.659 |
| 5 | Виница | 650 | 5.047 |
| 6 | Гевгелија | 1.863 | 12.684 |
| 7 | Гостивар | 3.869 | 14.253 |
| 8 | Дебар | 726 | 3.225 |
| 9 | Делчево | 894 | 6.069 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | Демир Хисар | 440 | 1.934 |
| 11 | Кавадарци | 2.353 | 18.915 |
| 12 | Кичево | 1.604 | 10.379 |
| 13 | Кочани | 1.868 | 12.742 |
| 14 | Кратово | 263 | 1.492 |
| 15 | Крива Паланка | 759 | 4.137 |
| 16 | Крушево | 596 | 1.431 |
| 17 | Куманово | 3.628 | 22.161 |
| 18 | Македонски Брод | 255 | 1.543 |
| 19 | Неготино | 1.371 | 5.852 |
| 20 | Охрид | 2.778 | 18.439 |
| 21 | Прилеп | 6.075 | 25.122 |
| 22 | Пробиштип | 477 | 3.593 |
| 23 | Радовиш | 1.679 | 5.748 |
| 24 | Ресен | 957 | 3.606 |
| 25 | Свети Николе | 1.030 | 4.450 |
| 26 | Струга | 2.502 | 11.531 |
| 27 | Струмица | 5.547 | 23.367 |
| 28 | Тетово | 6.355 | 30.327 |
| 29 | Штип | 2.071 | 23.311 |
| 30 | Скопје | 26.119 | 253.177 |
| Вкупно | | 85.697 | 581.405 |

Според податоците на Фондот, бројот на осигуреници (состојба декември 2019 година) за кои се плаќа придонес од 8 до 12 месеци, изнесува 536.969, или 92,36% од вкупниот број на осигуреници (581.405).

**Табела бр.2:** Број на корисници на пензија и број на вработени лица

| Година | Број на вработени | Број на корисници на пензија (без воени и земјоделски корисници) | Број на корисници на пензија на 1000 вработени | Број на вработени на 1 корисник на пензија |
|---|---|---|---|---|
| 2007 | 424.338 | 272.386 | 693 | 1,6 |
| 2008 | 451.491 | 273.281 | 654 | 1,7 |
| 2009 | 475.780 | 273.977 | 576 | 1,7 |
| 2010 | 466.280 | 273.751 | 587 | 1,7 |
| 2011 | 489.608 | 277.441 | 567 | 1,8 |
| 2012 | 507.061 | 282.334 | 557 | 1,8 |
| 2013 | 526.909 | 289.114 | 549 | 1,8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2014 | 536.191 | 293.860 | 548 | 1,8 |
| 2015 | 558.821 | 299.640 | 536 | 1,9 |
| 2016 | 570.168 | 305.766 | 536 | 1,9 |
| 2017 | 575.574 | 310.744 | 540 | 1,9 |
| 2018 | 578.023 | 315.780 | 546 | 1,8 |
| 2019 | 581.405 | 322.704 | 555 | 1,8 |

Бројот на регистрирани осигуреници во декември 2019 во однос на декември 2018 година е зголемен за 3.382 осигуреника.

Бројот на осигурениците, корисниците на пензија и нивниот сооднос е даден во следниот графикон:




Структурата на осигурениците по пол и возраст во декември 2019 година е дадена во следниот графикон:




Од вкупниот број на осигуреници во 2019 година, 124.171 осигуреник се мажи и 108.988 жени на возраст од 35-50 години, а од 50-60 годишна возраст, бројот на осигуреници - мажи изнесува 74.032 и жени 55.542, а останатите осигуреници се од другите возрасни категории. Од анализираните податоци, произлегува дека бројот на корисниците на пензија се очекува да бележи пораст во идниот период.

Старосната структура на осигурениците во декември 2019 година е дадена во следниот графикон:




## 2. Корисници на пензија

Број на корисниците на пензија од работничко осигурување, воени и земјоделски пензии со состојба на 31.12.2019 година.

Табела бр.3: Број на корисници на пензија во декември 2018 и 2019 година

| Вид на пензија | Корисници на пензија 31.12.2018 | Корисници на пензија 31.12.2019 | Зголемување/намалување | Индекс 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|
| Старосна | 204.455 | 212.941 | 8.486 | 104,2 |
| Инвалидска | 35.645 | 34.217 | -1.428 | 96,0 |
| Семејна | 75.680 | 75.546 | -134 | 99,8 |
| Вкупно | 315.780 | 322.704 | 6.924 | 102,2 |
| Воени | 1.283 | 1.184 | -99 | 92,3 |
| Земјоделски | 215 | 151 | -64 | 70,2 |
| Вкупно пензии: | 317.278 | 324.039 | 6.761 | 102,1 |

Освен редовните, воените и земјоделски пензии, Фондот исплаќа и надоместок за телесно оштетување за 9.597 корисници, од кои, 1.803 се корисници на телесно оштетување како единствено право од пензиското и инвалидско осигурување.

Бројот на корисниците на пензија во 2019 година (заедно со минималните земјоделски и воени пензии) во однос на 2018 година, е поголем за 6.761 корисник на пензија, или за 2,1%. Корисниците на минимални земјоделски и воени пензии и во иднина ќе се намалуваат со природен одлив, поради тоа што затекнатите корисници своето право го оствариле според законски прописи кои веќе не се применуваат, а нови права не се остваруваат.

Структурата на корисниците на пензија по видови на пензија е следна:



Приливот на нови корисници на старосна пензија од 2007 до 2019 година е даден во следниот графикон:




**Табела бр.4:** Стапка на пораст на корисниците на пензија од 2007-2019 година според видот на пензија

| Период | Нови корисници на старосна пензија | Нови корисници на инвалидска пензија | Нови корисници на семејна пензија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2007-2006 | 2,2 | -2,7 | 1,1 | 1 |
| 2008-2007 | -0,3 | 1,1 | 1,0 | 0,3 |
| 2009-2008 | 0,3 | -1,3 | 1,2 | 0,3 |
| 2010-2009 | 1,2 | -3,8 | -0,3 | -0,1 |
| 2011-2010 | 2,7 | 1,9 | 1,0 | 1,3 |
| 2012-2011 | 3,9 | -2,8 | 0,1 | 1,8 |
| 2013-2012 | 4,5 | -2,1 | 0,5 | 2,4 |
| 2014-2013 | 4,0 | -3,5 | -0,7 | 1,6 |
| 2015-2014 | 3,9 | -3,5 | 0,5 | 2,0 |
| 2016-2015 | 4,2 | -3,7 | -0,1 | 2,0 |
| 2017-2016 | 3,5 | -3,6 | -0,5 | 1,6 |
| 2018-2017 | 3,6 | -3,6 | -0,9 | 1,6 |
| 2019-2018 | 4,2 | -4,0 | -0,2 | 2,2 |

Зголемувањето на бројот на корисниците на пензија од 2007-2019 година е дадено во следниот графикон:




Приливот на корисниците на инвалидска пензија и во 2019, како и во претходните години се намали, заради измените во Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Табела бр.5:** Движење на бројот на корисниците на пензија од работничко осигурување, по години:

| Година | Старосна пензија | Инвалидска пензија | Семејна пензија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2007 | 150.075 | 48.364 | 74.257 | 272.696 |
| 2008 | 149.682 | 48.562 | 75.037 | 273.281 |
| 2009 | 150.092 | 47.947 | 75.937 | 273.976 |
| 2010 | 151.894 | 46.118 | 75.739 | 273.715 |
| 2011 | 156.016 | 44.895 | 76.530 | 277.441 |
| 2012 | 162.086 | 43.648 | 76.600 | 282.334 |
| 2013 | 169.362 | 42.741 | 77.011 | 289.114 |
| 2014 | 176.157 | 41.245 | 76.458 | 293.860 |
| 2015 | 182.954 | 39.814 | 76.872 | 299.640 |
| 2016 | 190.633 | 38.343 | 76.790 | 305.766 |
| 2017 | 197.383 | 36.970 | 76.391 | 310.744 |
| 2018 | 204.455 | 35.645 | 75.680 | 315.780 |
| 2019 | 212.941 | 34.217 | 75.546 | 322.704 |

Графички приказ на движењето на бројот на корисниците на пензија




Според дадениот графикон, произлегува дека бројот на корисниците е во пораст и во 2019 година повеќе од една половина или 65,99% од вкупниот број корисници на пензија се корисници на старосна пензија, а другиот дел се однесува на корисници на семејна и инвалидска пензија.

## 3. Корисници на најнизок износ на пензија

Табела бр.6: Број и висина на пензијата на корисниците на најнизок износ на пензија

| | Број на корисници | Износ на пензија (денари) |
|---|---|---|
| Прва група | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 2.317 | 11.702,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 511 | 10.096,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 5.671 | 10.637,00 |
| Вкупно прва група ( над35 години маж и над 30 години жена | 8.499 | |
| Втора група | | |
| Пензии остварени од 31.12.1996 | 3.266 | 11.456,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 1.145 | 9.535,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 13.381 | 10.046,00 |
| Вкупно втора група ( над 25 години маж и над 20 години жена) | 17.792 | |
| Трета група | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 8.755 | 11.141,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 4.119 | 8.971,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 36.909 | 9.457,00 |
| Вкупно трета група ( до 25 години маж и до 20 години жена) | 49.783 | |
| Вкупно: | 76.074 | |

Најнискиот износ на пензија се определува независно од висината на пензијата определена врз основа на должината на пензискиот стаж и остварените плати. Тоа значи дека на осигуреникот му се гарантира износ на пензија кој е повисок од пензијата определена од должината на пензискиот стаж и остварените плати. Институтот најнизок износ на пензија, се заснова на принципот на социјална праведност и неговата висина зависи од должината на работниот придонес изразена

преку должината на пензискиот стаж и ако истата е пониска на корисникот му се исплатува до најниската пензија.

## 4. Корисници на паричен надоместок со преостаната работна способност

Во Фондот, на крајот на 2019 година, имаше 86 корисници, од кои 72 за време на чекање на вработување на својата или друга соодветна работа, 5 корисници со скратено работно време и 9 корисници поради помал личен доход на друга соодветна работа.

По влегување во сила на измените на Законот за ПИО („Сл. весник на РМ" бр. 153/2007 година), сите корисници на паричен надоместок по основ на преостаната работна способност кои имаа навршено над 50 години живот, се преведоа во инвалидска пензија по основ на намалена работна способност.

Корисниците (со утврдена промена на работно место, или скратено работно време), кои немале навршено 50 години живот, останаа и понатака да работат на друга работа, или со скратено работно време, и сè уште користат парични надоместоци.

**Табела бр.7:** Број на корисници на паричен надоместок од 2007-2019 година

| Вид на право година | Чекање на вработување | Скратено раб. време | Помала плата | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2007 | 1768 | 67 | 113 | 0 | 1948 |
| 2008 | 202 | 15 | 8 | 0 | 225 |
| 2009 | 183 | 14 | 9 | 0 | 206 |
| 2010 | 158 | 13 | 6 | 0 | 177 |
| 2011 | 145 | 16 | 10 | 0 | 171 |
| 2012 | 94 | 13 | 9 | 0 | 116 |
| 2013 | 95 | 13 | 9 | 0 | 117 |
| 2014 | 81 | 6 | 23 | 0 | 110 |
| 2015 | 81 | 6 | 23 | 0 | 110 |
| 2016 | 72 | 5 | 9 | 0 | 86 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 72 | 5 | 9 | 0 | 86 |
| 2018 | 72 | 5 | 9 | 0 | 86 |
| 2019 | 72 | 5 | 9 | 0 | 86 |

## 5. Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување

Корисници на паричен надоместок за телесно оштетување се осигуреници кај кои настанало загубување, посуштествено оштетување или позначителна онеспособеност на работната способност на одделни органи или делови од телото, што ја отежнува нормалната активност на организмот и бара поголем напор во остварувањето на животните потреби, без оглед на тоа дали причинува или не причинува инвалидност.

Право на паричен надоместок за телесно оштетување осигуреникот стекнува независно од тоа дали се стекнал и користи некое друго право од пензиското и инвалидско осигурување.

Бројот на корисниците кои примаат паричен надоместок за телесно оштетување во 2019 година изнесуваше 9.597 корисници, од кои 1.803 корисници на единствено право и 7.794 корисници со право на пензија. Бројот на корисниците на телесно оштетување во 2019 во однос на 2018 година е намален за 234 корисници, или за 2,4%.

## 6. Учество на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во бруто домашниот производ

Учеството на расходите за пензиско и инвалидско осигурување, бруто домашниот производ и нивниот сооднос е дадено во следната табела:

**Табела бр. 8:** Расходи за ПИО, БДП и учество на расходите во БДП

| Година | Вкупни расходи за ПИО | БДП | Учество на расходите за ПИО во БДП |
|---|---|---|---|
| | во милиони денари | | |
| 2007 | 32.770 | 333.845 | 9,8 |
| 2008 | 38.733 | 405.014 | 9,6 |
| 2009 | 41.393 | 396.496 | 10,4 |
| 2010 | 42.507 | 425.628 | 10,0 |
| 2011 | 44.306 | 455.387 | 9,7 |
| 2012 | 46.227 | 476.072 | 9,7 |
| 2013 | 50.854 | 474.196 | 10,7 |
| 2014 | 54.017 | 518.380 | 10,4 |
| 2015 | 56.789 | 552.286 | 10,3 |
| 2016 | 61.488 | 579.646 | 10,6 |
| 2017 | 65.149 | 630.859 | 10,3 |
| 2018 | 68.544 | 660.308 | 10,4 |
| 2019 | 73.122 | 697.431 | 10,5 |

Учеството на расходите за пензиско и инвалидско осигурување во 2019 година во однос на БДП изнесува 10,5%.

Учеството на расходите за пензии во 2019 година изнесува 8,07% во однос на БДП истата година.

## III. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ

Согласно членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл.весник на РМ" 245/2018год. ) и објавата за движење на трошоците за живот од страна на Државниот завод за статистика, пензиите за 2019 година се усогласија за: 0,70% од 1 јануари и 0,40% од 1 јули, или 1,10% вкупно усогласување.

Усогласувањето на пензиите во периодот од 2008 до 2019 година е прикажано во следниот преглед:

**Табела бр.9:** Извршено усогласување на пензиите од 2007-2019 година:

| Година | Усогласување на пензиите на 1 јануари | Усогласување на пензиите на 1 јули | Вкупно усогласување |
|---|---|---|---|
| 2007 | 0,64% | 1,04% | 1,69% |
| 2008 | 13,00% | 7,65% | 21,66% |
| 2009 | 3.50% | 2,02% | 5,59% |
| 2010 | 0,30% | 1,10% | 1,40% |
| 2011 | 0,75% | 2,10% | 2,87% |
| 2012 | 0,31% | 1,40% | 1,71% |
| 2013* | 1,15% | 0,75% | +5% допол. Вкуп. 7% |
| 2014 | 5% од февруари | 0,00% | 5,00% |
| 2015 | 0,00% | 5% од септември | 5,00% |
| 2016 | 0,00% | 5% од ноември | 5,00% |
| 2017 | 0,82% | 0,76% | 1,59% |
| 2018 | 1,69% | 1,80% | 3,52% |
| 2019 | 0,70% | 0,40% | 1,10% |

*Редовно и дополнително усогласување

Со извршените усогласувања на пензиите, просечната пензија во декември 2019 година изнесуваше 14.602,00 денари и истата во однос на 2018 година во износ од 14.445,00 денари е повисока за 1,10%. Зголемувањето е резултат на извршеното редовно усогласување на пензиите во 2019 година, како и на висината на пензиите на новите корисници на пензија.

Табела бр.10: Просечните пензии по видови, во декември 2018 и 2019 година изнесуваат, и тоа:

| Вид на пензија | 2018 | 2019 | Индекс |
|---|---|---|---|
| | во денари | | |
| Старосна пензија | 15.717 | 15.849 | 100,8 |
| Инвалидска пензија | 13.053 | 13.167 | 100,9 |
| Семејна пензија | 11.563 | 11.638 | 100,6 |
| ВКУПНО | 14.421 | 14.579 | 101,1 |
| Земјоделска пензија | 7.154 | 7.236 | 101,1 |
| Воена пензија | 21.785 | 21.891 | 100,5 |
| ВКУПНО | 14.445 | 14.602 | 101,1 |




Просечната исплатена пензија заедно со воените и минимални земјоделски пензии во декември 2019 година изнесува 14.602 денари и во однос на просечната плата во декември 2019 година изнесува 54,41%, и тоа: 15.849,00 денари за старосна пензија, 13.167,00 денари за инвалидска пензија и 11.638,00 денари за семејна пензија.

## IV. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ

Со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2019 година, како и со Ребалансот на Буџетот на Фондот како составен дел на Буџетот на Републиката, беше планирано финансиското работење на Фондот да се оствари со избалансирани приходи и расходи. Како основ за баланс помеѓу приходите и расходите беа земени макроекономските индикатори за пораст на приходите од придонесите за 6,5% (4,4% од предвидениот пораст на платите и 2,1% пораст на вработеноста како и стапка на придонес за ПИО од 18,4%), како и обезбедување на средства од Буџетот на Републиката за редовните законски обврски, за транзиционите трошоци и покривање на дефицитот на Фондот. Порастот на платите е значаен фактор за пресметка и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, исто така и порастот на вработеноста битно влијае при остварувањето на приходите на Фондот. Во делот на расходите беше проектирана редовна исплата на пензиите и законско зголемување на пензиите од јануари и од јули 2019 година, како и пораст на бројот на корисниците на пензија од 1,81% на годишно ниво.

На финансиската состојба на Фондот влијаеше стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, која во 2019 година изнесуваше 18,4% согласно Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување, како и преземените активности на Фондот за наплата на заостанатите неплатени придонеси за периодот до 31.12.2008 година, со што се наплатени средства во износ од 120,05 милиони денари.

Со средствата остварени од придонесите, како и со дозначените средства од Буџетот на Републиката, од приходите од акцизи и другите неданочни приходи, Фондот во 2019 година оствари вкупни приходи во износ од 75.915,53 милиони денари. Со овие и со пренесените средства од 2018 година (1.661,70 милиони денари), Фондот изврши вкупни расходи во износ од 73.122,44 милиони денари.

Фондот и во 2019 година, редовно вршеше исплата на пензиите во првата недела од месецот за изминатиот месец, со користење и на позајмица од Буџетот на Републиката само во месец јануари во износ од 450,00 милиони денари, а истата ја врати по исплатата со акумулирањето на средствата од придонесите.

Вкупните остварени приходи на Фондот во 2019 година во однос на планираните средства со Ребалансот на Буџетот на Фондот изнесуваат 103,47%, а во однос на 2018 година се повисоки за 10,26%, заради зголемениот износ на средства од придонесите, а вкупните расходи се на нивото на планираните средства со Буџетот, или 99,66%, а во однос на 2018 година се повисоки за 6,68%.

## 1. Приходи на Фондот

**Вкупните приходи** на Фондот во 2019 година се во износ од 75.915,53 милиони денари и се остварени од следните извори на финансирање:

- **Од изворни приходи** (придонес од плата, бенефициран стаж, придонес од физички лица кои самостојно вршат дејност и вработени кај нив, како и од индивидуални земјоделци и Агенцијата за вработување), се остварени средства во износ од 41.927,10 милиони денари, или 55,23% од вкупните приходи,

- **Средствата од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 29.098,22 милиони денари, или 37,01% од вкупните приходи. Во однос на 2018 година се намалени за 293, 72 милиони денари или средствата од Буџетот на Републиката во 2018 година се остварени во износ од 29.391,94 милион денари, односно 42,69% од вкупните приходи.

| Средства од Буџетот на Републиката | | |
|---|---|---|
| **Година** | **во мил. денари** | **Во однос на вк. приходи** |
| 2019 | 29.098,22 | 37,01% |
| 2018 | 29.391,94 | 42,69% |

- Од **акцизи** се остварени средства во износ од 1.378,61 милион денари, или 1,82% од вкупните приходи,

- **Од дивиденда** се остварени средства во износ од 8,48 милиони денари , кои во однос на вкупните приходи изнесуваат 0,011%.

- **Од продажба на акции и удели** остварени се средства во износ од 30,54 милиони денари, или 0,04%.

- **Од други приходи** се остварени средства во износ од 4.472,58 милиони денари, или 5,89% од вкупните приходи.

**Придонесот од плата** се пресметува за 2019 година и плаќа по стапка од 18,4% на бруто платата и е основен и најголем извор за финансирање на Фондот. Сите уплатени придонеси од плата Фондот ги распределува меѓу Првиот и Вториот пензиски столб. Распределбата на придонесот во 2019 година меѓу Првиот и Вториот столб, согласно новиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување од 08.08.2012 година, е утврден на фиксна стапка за Вториот столб од 6% а за Првиот столб од 12,4%, како разлика помеѓу стапката на вкупниот придонес и стапката на придонес за втор столб.

Во 2019 година од придонес од плата, остварени се средства во износ од 40.356,22 милиони денари и истите изнесуваат 101,14% во однос на планираните со Буџетот и Ребалансот на Буџетот на Фондот, а во споредба со 2018 година се повисоки за 10,37%, или 3.790,56 милиони денари. Учеството на придонесот од плата во вкупните приходи изнесува 53,16%. Во зголемувањето на придонесот од плата во 2019 година битно влијаеше и зголемената стапка на придонесот од 18% на 18,4%, а мало учество имаше и зголемената наплата на придонеси и наплатата на заостанатите придонеси заклучно со 31.12.2008 година, во износ од 120,05 милиони денари.

Придонесот од плата по месеци во 2019 и 2018 година се движи според следната динамика:

Табела бр.11: Придонес од плата по месеци

| Месеци | Наплатени придонеси | | Индекс 2019/2018 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | | |
| Јануари | 2.487,02 | 2.605,77 | 104,77 | 118,75 |
| Февруари | 2.928,06 | 3.222,40 | 110,05 | 294,34 |
| Март | 3.042,97 | 3.275,56 | 107,64 | 232,59 |
| Април | 3.038,09 | 3.541,24 | 116,56 | 503,15 |
| Мај | 2.881,13 | 3.285,10 | 114,02 | 403,97 |
| Јуни | 3.090,64 | 3.135,14 | 101,44 | 44,50 |
| Јули | 3.096,75 | 3.525,85 | 113,86 | 429,10 |
| Август | 3.099,73 | 3.350,99 | 108,10 | 251,26 |
| Септември | 2.884,14 | 3.258,19 | 112,97 | 374,05 |
| Октомври | 3.127,04 | 3.442,71 | 110,09 | 315,67 |
| Ноември | 3.214,00 | 3.511,27 | 109,25 | 297,27 |
| Декември | 3.676,09 | 4.202,00 | 114,31 | 525,91 |
| Вкупно | 36.565,66 | 40.356,22 | 110,37 | 3.790,56 |

Од табелата се гледа дека придонесот од плата во 2019 во однос на 2018 година, е повисок за 10,37%, а по месеци има поголемо остварување во април, мај, јули, септември, октомври и декември 2019 година.

Приходите од придонесот од доходот (490,26 милиони денари), приходите од физичките лица што вршат дејност и вработените кај нив (921,62 милиони денари), како и од индивидуалните земјоделци (153,08 милиони денари), се остварени во износ од 1.564,96 милиони денари и нивното учество во вкупните приходи изнесува 2,06%.

Приходите од Агенцијата за вработување се дозначуваат по основ на придонесот за невработени лица кои примаат паричен надоместок. Во 2019 година, по овој основ, се дозначени средства во износ од 5,92 милиони денари и истите во споредба со 2018 година (7,90 милиони денари) се пониски за 1,98 милиони денари, или за 25,06%, а нивното учество во вкупните приходи на Фондот изнесува само 0,01%. Овие средства, од година во година се намалуваат поради намалувањето на бројот на лицата за кои се плаќа придонес, поради измената на законските прописи и се плаќа придонес само за лицата кои немаат навршено 15 години пензиски стаж.

**Приходите од акцизите** се остварени во износ од 1.378,61 милион денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 1,82%. Овие приходи се пресметуваат по стапка од 9,18% од нафтените деривати. Во споредба со 2018 година, приходите од акцизите се повисоки за 2,35%, а во однос на планираните се повисоки за 4,36%.

**Трансферните средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 28.098,22 милиони денари и истите се во однос на планираните средства со Буџетот на Фондот (99,98%), а во споредба со остварените приходи во 2018 год. (29.391,94 милиони денари) се пониски за 4,41%. Дозначените средства се однесуваат, и тоа:

- 3.000,00 милиони денари за законски обврски (за корисници на минимални земјоделски пензии, воени пензии, борци пред и по 9.9.1943 година, корисници на товар на Републиката, учители, корисници во КПД, како и за исплата на разлики по основ на усогласувањето од 8% за изминат период согласно пресудата на Врховниот суд на РМ),
- 9.000,00 милиони денари за транзициони трошоци,
- 15.644,11 милиони денари за покривање на тековен дефицит,
- 454,11 милиони денари трансфер од Министерството за одбрана, а се однесуваат за исплата на пензии остварени според Законот за АРМ.

Учеството на приходите од Буџетот на Републиката во вкупните приходи на Фондот изнесува 37,01%, а учеството на тековниот дефицит во вкупниот трансфер изнесува 55,67% и истиот бележи пад од оваа година. Средствата од Буџетот на Републиката е втор по големина приход и претставува значајна ставка во финансирањето на пензиското и инвалидско осигурување. Приходите од Буџетот на Републиката редовно се дозначуваа, по претходно доставени месечни пресметки од страна на Фондот.

**Приходи од дивиденда и од продажба на акции и удели** во 2019 година се остварени во износ од 39,02 милиони денари, и тоа:

- **Од дивиденда** се остварени средства во износ од 8,48 милиони денари и истите изнесуваат 0,01% од остварените приходи во Буџетот,

- Од продажба на акции и удели во 2019 година се остварени средства во износ од 30,54 милиони денари, како резултат на заинтересираност за купување на одделни акции и удели и истите учествуваат во вкупните приходи со 0,04%.

- Од **другите приходи** остварени се средства во износ од 4.472,58 милиони денари и истите изнесуваат 178,90% во споредба со планираните, а во однос на 2018 година се поголеми за 4.352,45%. Другите приходи се однесуваат, и тоа: 3.388,42 милиони денари вратен придонес по Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осогурување, 966,40 милиони денари вратен принос по задолжително финансирано пензиско осигурување, 13,33 милиони денари од приходи од закупнина, 23,19 милиони денари од надомест и отштета, 6,37 милиони денари од вратени пензии од странство, 54,22 милиони денари од приходи остварени од минат период, 1,70 милиони денари од вратени девизи од пензии во странство, 0,04 милиони денари од вратени средства од приватни фондови, 0,29 милиони денари вратени средства од Солидарен фонд, 9,53 милиони денари од камати по основ на ненавремени плаќања на придонес од ПИО, 0,15 милиони денари оштетно побарување од Србија, 7,93 милиони денари надомест од приватни фондови за вршење на дејноста на Фондот и 1,01 милион денари од останати приходи.

Структурата на приходи е следна:




Според структурата на приходите, во вкупните приходи најголемо е учеството на придонесот на плата од 53,16%, од Буџетот на Републиката со учество од 37,01%, или по двата основа 90,17%, додека од сите останати приходи остварените средства учествуваат со 9,83 % во вкупните приходи.

Табела бр.12: Остварени и планирани приходи на Фондот во 2019 година:

| Ред. Број | Вид на приход | Ребаланс наБуџет за 2019 год. | Остварено I-XII 2018 | Остварено I-XII 2019 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Придонес од плата | 39.900,00 | 36.565,66 | 40.356,22 | 101,14 | 110,37 |
| 2 | Придонес од доход | 481,00 | 442,61 | 490,26 | 101,93 | 110,77 |
| 3 | Приватен сектор | 885,00 | 838,08 | 921,62 | 104,14 | 109,97 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Индивидуални земјоделци | 142,00 | 136,15 | 153,08 | 107,80 | 112,43 |
| 5 | Приходи од Агенцијата за вработување | 6,00 | 7,90 | 5,92 | 98,67 | 74,94 |
| | Вкупно придонеси | 41.414,00 | 37.990,40 | 41.927,10 | 101,24 | 110,36 |
| 6 | Приходи од акцизи | 1321,00 | 1.346,96 | 1.378,61 | 104,36 | 102,35 |
| 7 | Трансфер од Буџет на Републиката | 28.103,11 | 29.391,94 | 28.098,22 | 99,98 | 95,60 |
| 8 | Други приходи | 2.500,00 | 102,76 | 4.472,58 | 178,90 | 4.308,97 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 4,00 | 3,55 | 8,48 | 212,00 | 238,87 |
| 10 | Приходи од продажба на хартии од вредност | 30,00 | 16,86 | 30,54 | 101,80 | 181,14 |
| | **Вкупни приходи** | 73.372,11 | 68.852,47 | 75.915,53 | 103,47 | 110,26 |

## 2. Расходи на Фондот

Со Буџетот и Ребалансот на Буџетот на Фондот за 2019 година, расходите беа проектирани согласно макроекономските индикатори и беше проектирана редовна исплата на пензиите и усогласување на истите од 1-ви јануари и 1-ви јули 2019 година, како и пораст на бројот на корисниците на пензија од 1,81% на годишно ниво.

Вкупните расходи на Фондот во 2019 година изнесуваат 73.122,44 милиони денари и истите се извршени под ниво на планираните средства со Буџетот на Фондот односно 99,66%, а се повисоки за 6,68% во однос на извршените расходи во 2018 година.

Расходите на Фондот се однесуваат, и тоа:

- **Расходите за исплата на пензиите** изнесуваат 56.318,10 милиони денари (55.980,93 милиони денари за редовни пензии, 321,46 милиони денари за воени пензии и 15,71 милион денари за земјоделски пензии), или 77,02% од вкупните расходи.

- **Придонесот за здравствено осигурување** за корисниците на пензија изнесува 7.437,42 милиони денари, односно 13% на износот на пресметаната пензија и истиот во вкупните расходи учествува со 10,17%. Расходите за исплатените пензии заедно со придонесот за здравствено осигурување изнесува 63.755,52 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 87,19%.

- **Расходите за исплата на надоместоците од инвалидско осигурување, интернатското сместување на деца инвалиди и телесното оштетување** изнесуваат 91,56 милиони денари, или 0,13% од вкупните расходи. Надоместоците од инвалидското осигурување изнесуваат 3,66 милиони денари и истите во споредба со расходите од 2018 година се пониски. Надоместокот за телесно оштетување изнесува 87,67 милиони денари и е повисок во однос на 2018 година, а за интернатско сместување 0,23 милиони денари, што е помалку во однос на претходната година.

- **Трансферот на средствата за приватни пензиски фондови** во 2019 година изнесува 8.861,58 милион денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 12,12%. Овие расходи се на ниво на планираните средства со Буџетот на Фондот (98,46,%), а за 26,45% се повисоки во споредба со 2018 година. Бројот на осигурениците-членови во приватните пензиски фондови, на крајот од 2018 година, изнесуваше 490.035 (состојба 31.12.2018 година), а истиот на 31.12.2019 година изнесуваше 507.556 членови, или повеќе за 17.521 член, односно 3,45%, поради задолжителното зачленување во приватните пензиски фондови на сите нововработени. Согласно измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Законот за капитално финансирано пензиско осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 245 од 28.12.2018 година) и неговата имплементација во 2019 година, Фондот ги презема сите обврски по истите и сите ненавремено распределени членови во вториот столб заклучно со 31.12.2018 година, ги распредели и за истите во првото полугодие се пренесоа средства за придонес и

принос кон приватните пензиски фондови за периодот од кога требало да бидат распределени. Пренесени се средства во износ од 1.080.701.102,00 денари за 14.034 членови кои преминуваат во вториот столб. Исто така, Фондот уплати и 29.959.494,00 денари за 60 членови кои изјавиле дека го продолжуваат членството во приватните фондови. Од приватните пензиски фондови се трансферирани 16.645 членови во првиот столб, задолжително по основ на закон, а биле членови на вториот столб и 4.817 членови кои доброволно со право на изјава се изјасниле во 2019 година дека го прекинуваат членството во вториот пензиски столб согласно законот. Расходите за плаќање до приватните пензиски фондови изнесуваат 12,22% од вкупните расходи на Фондот.

Овие средства се надоместуваат преку трансфер од Буџетот на Републиката.

- **Платите на вработените** во Стручната служба на Фондот во 2019 година изнесуваа 228,82 милиони денари, или 0,31% во однос на вкупните расходи. Извршените расходи за платите на вработените во Стручната служба се под ниво на планираните средства, а во споредба со 2018 година се пониски за 1,45%. Бројот на вработените со состојба декември 2019 година, изнесува 555 вработени.

- **Другите расходи** во 2019 година се извршени во износ од 152,55 милиони денари, или 0,21% во однос на вкупните расходи. Овие трошоци во однос на планираните се извршени со 90,00% и во споредба со извршените од 2018 година, се повисоки за 13,00%.

- **Капиталните трошоци** се извршени во износ од 11,64 милиони денари, кои во споредба со планираните средства за оваа намена во износ од 13,00 милиони денари, преставуваат извршување од 89,50%. Во 2019 година, средствата се потрошени за набавка на софтверска, информатичка, канцелариска опрема и набавка на лифтови.

- **Трошоците за реконструкција на деловните објекти** се извршени во износ од 7,46 милиони денари, и тоа, за реконструкција на објектите во Централа- Скопје, Струмица, Велес, Крива Паланка, како и во домовите за живеење на корисниците на пензија во Гостивар, Аеродром и Крива Паланка.

- Набавка на моторни возила е извршена за потребите на Стручната служба на Фондот, бидејќи истите се дотраени и застарени. Набавката е извршена за износ од 1,50 милиони денари колку што се обезбедени средства.

Структурата на расходите е следна:




Табела бр.13: Вкупните расходи на Фондот се дадени во следната табела:

| Ред. Број | Вид на расход | Буџет за 2019 год. | Остварено I-XII 2018 | Остварено I-XII 2019 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Вкупно пензии | 56.431,20 | 54.314,21 | 56.405,77 | 99,95 | 103,85 |
| 2 | Плак.по основ на задол.кап.осиг. | 9.000,00 | 7.007,81 | 8.861,58 | 98,46 | 126,45 |
| 3 | Надоместоци од инвалидско осигурување | 7,00 | 3,77 | 3,66 | 52,29 | 97,08 |
| 4 | Придонес за здравствено осигурување | 7.452,00 | 6.827,33 | 7.437,42 | 99,80 | 108,94 |
| 5 | Плати и надоместоци | 250,11 | 232,19 | 228,82 | 91,49 | 98,55 |
| 6 | Други расходи, капитални трошоци и реконструкција на деловни објекти | 231,80 | 158,89 | 185,19 | 79,89 | 116,55 |
| | Вкупни расходи | 73.372,11 | 68.544,20 | 73.122,44 | 99,66 | 106,68 |

Табела бр. 14: Движење на приходите по години во милиони денари

| Година | Изворни приходи | Агенција за вработување | Буџет | Акцизи | Други приходи | Дивиденда | Продажба на акции | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2007 | 21.914,23 | 864,98 | 10.378,52 | 681,04 | 151,89 | 5,88 | 56,71 | 34.053,25 |
| 2008 | 25.581,91 | 773,58 | 10.181,99 | 717,4 | 247,71 | 21,48 | 97,63 | 37.621,70 |
| 2009 | 26.279,53 | 256,49 | 14.020,85 | 744,49 | 194,11 | 19,41 | 74,64 | 41.589,52 |
| 2010 | 26.137,49 | 163,9 | 14.218,12 | 787,57 | 112,17 | 10 | 40,78 | 41.470,03 |
| 2011 | 26.890,36 | 122,19 | 15.704,97 | 813,77 | 122,23 | 7,22 | 276,35 | 43.937,09 |
| 2012 | 27.659,80 | 84,25 | 17.503,34 | 851,03 | 149,65 | 3,44 | 119,12 | 46.370,63 |
| 2013 | 28.655,98 | 50,76 | 21.060,83 | 870,16 | 142,69 | 2,25 | 287,56 | 51.070,23 |
| 2014 | 29.876,77 | 30,87 | 22.677,71 | 892,39 | 290,74 | 0,66 | 11,54 | 53.780,68 |
| 2015 | 32.214,89 | 21,22 | 23.860,89 | 1016,11 | 125,70 | 0,09 | 15,52 | 57.254,51 |
| 2016 | 33.819,77 | 14,22 | 26.599,48 | 1.120,71 | 109,79 | 0,21 | 20,78 | 61.684,96 |
| 2017 | 35.606,13 | 7,77 | 28.457,04 | 1.154,21 | 91,79 | 3,04 | 0,00 | 65.319,96 |
| 2018 | 37.982,50 | 7,90 | 29.391,94 | 1.346,96 | 102,76 | 3,55 | 16,86 | 68.852,47 |
| 2019 | 41.921,18 | 5,92 | 28.098,22 | 1.378,61 | 4.472,58 | 8,48 | 30,54 | 75.915,53 |

Изворните приходи во 2019 во однос на 2007 година, се зголемени за 91,29%, а средствата од Буџетот на Републиката за 170,73%. Приходите од Агенцијата за вработување драстично се намалени од 2009 година, поради измена на законските прописи во однос на стекнување на правото, како и во однос на основиците и процентот на пресметките за остварување.




Табела бр.15: Движење на расходите по години

| Година | Пензии | Надоместоци од инвалидско осигурување | Придонес од здравство | Стручна служба | Други и капитални расходи | Транзициони трошоци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2007 | 26.305,27 | 247,79 | 3.714,03 | 240,33 | 385,13 | 1.877,00 | 32.769,55 |
| 2008 | 30.953,74 | 115,58 | 4.367,89 | 256,16 | 549,24 | 2.490,53 | 38.733,14 |
| 2009 | 33.537,64 | 107,53 | 4.290,57 | 264,64 | 260,39 | 2.932,20 | 41.392,97 |
| 2010 | 34.437,32 | 103,52 | 4.338,25 | 251,55 | 203,89 | 3.172,93 | 42.507,46 |
| 2011 | 35.751,31 | 101,65 | 4.524,32 | 273,81 | 172,07 | 3.482,61 | 44.305,77 |
| 2012 | 37.292,59 | 100,65 | 4.798,82 | 257,28 | 177,93 | 3.599,49 | 46.226,76 |
| 2013 | 40.812,95 | 100,57 | 5.359,18 | 247,34 | 193,43 | 4.141,29 | 50.854,76 |
| 2014 | 43.931,60 | 97,45 | 5.421,47 | 241,31 | 187,3 | 4.138,32 | 54.017,45 |
| 2015 | 45.569,34 | 94,71 | 5.954,22 | 248,63 | 202,47 | 4.719,99 | 56.789,36 |
| 2016 | 48.248,22 | 91,83 | 6.335,8 | 249,17 | 189,49 | 6.373,96 | 61.488,47 |
| 2017 | 51.820,97 | 90.22 | 6.571,29 | 241,88 | 171,45 | 6.253,13 | 65.148,94 |
| 2018 | 54227,72 | 90,68 | 6.827,33 | 232,19 | 158,47 | 7.007,81 | 68.544,20 |
| 2019 | 56.318,10 | 91.33 | 7.437,42 | 228,82 | 185,19 | 8.861,58 | 73.122,44 |

Во периодот од 2007 до 2019 година, исто така, се зголемуваа и расходите, како резултат на зголемувањето на бројот на корисниците на пензија и извршеното усогласување на пензиите.

Расходите за исплата на пензиите во 2019 година, изнесуваа 56.318,10 милиони денари и во споредба со 2007 година се зголемени за 114,09%, расходите за

плати на вработените се намалени за 4,79%, а и другите расходи бележат намалување, додека вкупните расходи во споредба со 2007 година се зголемени за 123,14%. Од 2006 година, согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, во Фондот започнаа да се реализираат расходи по основ на пренесување средства во приватните пензиски фондови за придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за членовите кои пристапиле во приватните пензиски фондови. Овие расходи се зголемени од 1.325,14 милиони денари во 2006 година на 8.868,58 милиони денари во 2019 година, или за 569,26%, заради зголемениот број на членови и уплата на заостанатите обврски од претходната година.

Во следниот графикон е прикажано движењето на расходите по години:




## 3. Финансиски резултат

Во 2019 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 75.915,53 милиони денари, а вкупните расходи изнесуваа 73.122,44 милиони денари. Вкупните приходи во споредба со 2018 година се повисоки за 10,26%, а расходите за 6,68%, и во споредба со

планираните средства, приходите се зголемени за 3,47%, а расходите се движат околу нивото на планираните со Буџетот на Фондот за 2019 година.

Со остварените приходи од придонесите и средствата од Буџетот на Републиката, како и од останатите приходи, Фондот во 2019 година редовно ја вршеше исплатата на пензиите во утврдениот период во првата недела од месецот за претходниот месец.

## 4. Акции и удели

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија поседува акции и удели во претпријатијата кои беа во општествена сопственост и што се трансформираа согласно член 19 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и член 7 од Законот за изменување и дополнување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Во член 193 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е утврдено дека под вкупен капитал кој Фондот го стекнал по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал се подразбира капиталот во акции и удели во активни друштва, продадените акции и удели, како и акциите и уделите во друштвата во кои е отворена стечајна постапка, или постапка за ликвидација, а истата сè уште не е завршена. Во вкупниот капитал не се вклучени акциите и уделите од ликвидираните друштва. Заклучно со 31.12.2019 година, номиналната вредност на вкупниот капитал во акции и удели кои Фондот ги стекнал по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал изнесува 149.972.640 ЕУР. Од тој износ, 12,8061% или 19.205.610ЕУР се акции и удели во активни друштва, 35,6675% или 53.491.422 ЕУР се акции и удели во друштвата во кои е отворена стечајна постапка или постапка за ликвидација, а истата сè уште не е завршена и 51,5265% или 77.275.608 ЕУР се продадени акции и удели.

Врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Уредбата за постапката за продажба на акциите и уделите од вкупниот капитал стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во текот на 2019 година, на предлог на Комисијата за акции и удели, Управниот одбор на Фондот донесе една Одлука за продажба на акциите, и тоа Одлука бр. 02-4591/1 од 22.10.2019 година за продажба на акциите издадени од „Еуропрофил“ АД – с. Алданци.

Во текот на 2019 година се продолжи со реализација на Одлуките за продажба на акциите и уделите донесени од Управниот одбор на Фондот во претходните години. За таа цел, Комисијата за акции и удели донесе десет заклучоци за повторна понуда на акциите и уделите на Фондот кои останаа непродадени на претходно одржаните аукции. Постапувајќи по заклучоците на Комисијата за акции и удели, Стручната служба на Фондот во текот на 2019 година во пет наврати спроведе тродневни берзански аукции. Притоа, беа продадени акции на Фондот издадени од 2 акционерски друштва со вкупна номинална вредност од 1.026.332 ЕУР, при што е остварен нето прилив на средства од 29.879.406 денари. Продадени беа и удели на Фондот издадени од 5 друштва со ограничена одговорност со вкупна номинална вредност од 38.813 ЕУР, при што е остварен нето прилив на средства од 613.204 денари. Вкупниот нето прилив на средства од продажбата на акции и удели на Фондот во текот на целата 2019 година изнесува 30.492.610 денари.

## 5. Наплата на заостанатите ненаплатени придонеси

Во текот на 2019 година контролата на придонеси од ПИО ја продолжи постапката за наплата на придонесите кои настанале до 31.12.2008 година, а за која е надлежен Фондот да води постапка и притоа во изминатата година по овој основ се наплатени вкупно 120.045.241,00 денари.

Во текот на 2019 година, Службата за наплата на придонеси, активно работеше и на расчистувањето на неидентификуваните уплати и преку донесување на решенија за поврат на погрешно и повеќе платен придонес и во таа насока донесени се 200 решенија за поврат на средства за погрешно уплатени придонеси од страна на обврзниците.

Постапуваше по поднесените барања од страна на обврзниците за одложено плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

Даваше насоки на филијалите и деловниците за изработка на декларациите за договорните осигуреници (индивидуални земјоделци, свештени лица).

Изготвуваше информации за УО на Фондот за состојбите со наплатата на придонесите.

Доставуваше одговори до филијалите и деловниците на Фондот и државните институции врз основа на нивни барања за одговори за проблематиката од делокругот на работењето на Одделението.

Префрлаше и разделуваше пристигнати уплати од обврзниците, а на барање на филијалите и деловниците.

## 6. Информирање

Информирањето и односите со јавноста се посебно заначајни за задоволување на барањата на обврзниците, осигурениците и корисниците на пензија. За нивно информирање за сите измени во законските прописи и тековни активности на Фондот, и во 2019 година се реализираше двонасочно информирање и со вработените во делот на пензиското и инвалидско осигурување со цел подобра меѓусебна соработка и комуникација.

Веб- страницата на Фондот, преку бројните рубрики е во директна функција на осигурениците, обврзниците, пензионерите и вработените во Фондот.

За обезбедување јавност во работата, на веб -страницата на Фондот, редовно се објавуваа прилози, наменски текстови и коментари за работата на Фондот во соработка со стручните служби.

Во 2019 година, на веб – страницата, редовно се ажурираа податоците за веќе објавените материјали од статистика и финансиското работење, а се објавени и текстови, соопштенија, објави за издавање на деловен простор под закуп по пат на електронско јавно наддавање и други огласи, ранг – листи за сместување на корисниците на пензија во пензионерските домови со кои стопанисува Фондот на ПИОСМ, извештаи од работата на Комисијата за ОРС и Комисијата за задолжителен контролен преглед, потоа известување за користење на бањско – климатската рекреација на корисниците на пензија и други документи. Со тоа, се обезбеди брз пристап до сите информации од областа на пензиското и инвалидско осигурување и се воспостави отворена и повратна комуникација меѓу Фондот и корисниците на услугите.

Во 2019 година, преку електронската адреса за контакт на Фондот на ПИОСМ (info@piom.com.mk), пристигнаа 4.150 прашања кои се однесуваа на податоците за остварувањето права од пензиското и инвалидско осигурување, исплата на пензиите, достава на уверенија за живот, промени на личните и адресни податоци на корисниците и на истите навремено се одговараше.

Библиотеката на Фондот на ПИОСМ располага со библиотечен фонд од 2.125 наслови: стручна литература, закони, речници (464) и белетристика (1.661). За потребите на Менаџментот и вработените во Централата, филијалите и деловниците, во 2019 година, на користење се издаваа стручни книги, закони, службени весници, лектири, белетристика, речници, дневен печат, со водење евиденција- картотека за давање и примање.

Во Фондот, во 2019 година, се преведуваа од македонски на албански јазик материјалите за седниците на Управниот одбор и веб –страницата на Фондот, формулари, обрасци и потврди од правата од ПИО. Преведени се материјалите за 13

седници на Управниот одбор на Фондот, соопштенија и текстови за веб -страницата на Фондот.

Заради поголема јавност и отвореност во работата на Фондот, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Фондот има службени лица за посредување со информации од јавен карактер. Барателите на информации од јавен карактер (домашни и странски правни или физички лица), своите барања до Фондот ги поднесуваат усно, писмено, и по електронски пат. Во 2019 година до Фондот се поднесени 12 писмени барања, на кои стручните служби на Фондот, одговорија на начин и форма назначена од страна на барателите. Изготвен е Годишен извештај за спроведување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Фондот, како составен дел од Годишниот извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер при Владата на Република Северна Македонија. Исто така се одговори и на поставени усни прашања во врска со остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, за усогласувања на пензиите, за измена на законските прописи, за потребната документација за остварување на правата, за исплата на пензиите, парични надоместоци и солидарна помош, за остварување на правата од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, прашања во врска со начинот на издавање на школски белешки и потврди за живот, информации за прием во осигурување, продолжено осигурување, индивидуални земјоделци, информации за остварување на правото за бањско –климатска рекреација и сл.

За комуникација со граѓаните, во Фондот работи и Кол -центар (02/15-215), кој е постојано отворен за јавноста. Во 2019 година, пристигнати се 4.162 повика и истите се реализирани, односно веднаш е одговорено на поставените прашања од граѓаните, и тоа најчесто за проектот за бањско-климатската рекреација на корисниците на пензија, проектите за осигурениците од поранешните ЈУ- републики и за Германските осигуреници, но и за регулирањето на пензискиот стаж и остварувањето на други права од областа на ПИО.

Во 2019 година, Фондот на ПИОСМ посвети внимание на информирањето и односите со јавноста, со цел зголемување на транспарентноста и приближување на Фондот до целокупната јавност.

## V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

### 1. Извештај за остварени права од ПИО во прв степен

Во текот на 2019 година во филијалите на Стручната служба на Фондот, беа поднесени 31.621 барање за остварување права од пензиско и инвалидско осигурување и заедно со пренесените 1.345 барања од 2018 година, вкупно за решавање имаше 32.966 барања.

Од вкупниот број барања за остварување право на пензија (заедно со нерешените барања од 2018 година), решени се 31.495 барања или 95,5%, а на 31 декември 2019 година останаа за решавање уште 1.471 барање, или 4,46% од вкупниот број на барања за решавање.

Табела бр.16: Поднесени и решени барања по видови, со состојба 31.12. 2019 година

| Опис | | Нерешени барања на почетокот на годината | Примени барања во текот на годината | Вкупно за решавање | Решени барања | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Вкупно решени | Учество на решените барања во однос на вкупните барања за решавање | Позитивни | Негативни |
| | | 1 | 2 | 3=1+2 | 4 | 5=4:3 | 6 | 7 |
| Инвалидски пензии | Први барања | 300 | 2238 | 2538 | 2421 | 95,4% | 1884 | 537 |
| | Останати | | 358 | 358 | 346 | 96,6% | 276 | 70 |
| Вкупно инвалидски | | 300 | 2596 | 2896 | 2767 | 95,5% | 2160 | 607 |
| Старосни пензии | Први барања | 746 | 16554 | 17300 | 16319 | 94,3% | 16051 | 268 |
| | Останати | 5 | 3526 | 3531 | 3467 | 98,2% | 3422 | 45 |
| Вкупно старосни | | 751 | 20080 | 20831 | 19786 | 95,0% | 19473 | 313 |
| Семејни пензии | Први барања | 220 | 5476 | 5696 | 5426 | 95,3% | 5324 | 102 |
| | Останати | | 969 | 969 | 969 | 100,0% | 883 | 86 |
| Вкупно семејни | | 220 | 6445 | 6665 | 6395 | 95,9% | 6207 | 188 |
| Барања од инвалидско осигурување и останати барања | | 74 | 2500 | 2574 | 2547 | 99,0% | 2317 | 230 |
| Сè вкупно | | 1345 | 31621 | 32966 | 31495 | 95,5% | 30157 | 1338 |

Од вкупниот број поднесени барања за решавање по сите основи за остварување права од пензиското и инвалидско осигурување, 24.268 барања се први барања за остварување право на пензија, од кои 16.554 се први барања за остварување право на старосна пензија, 2.238 први барања за право на инвалидска пензија и 5.476 први барања за право на семејна пензија.

Заедно со пренесените први барања од претходната година за решавање имаше вкупно 25.534 први барања (Табела 17), а структурата по видови на пензија за која се однесуваат барањата е дадена во графикот:




Исто така, беа поднесени и други барања од инвалидско осигурување, останати барања и повторни барања или вкупно 7.353 други барања.

Од вкупниот број на решени барања (31.495) во 2019 година, позитивно се решени 30.157 барања, или 95,75%, а 1.338 барања или 4,25% се решени негативно.

Табела бр.17: Траење на постапката за решавање на поднесени барања по видови, со состојба 31 декември 2019 година

| Ред.бр. | Опис | | Решени барања | | Траење на постапката | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | вкупно | Структура | до 30 дена | од 35-40 дена | од 45-50 дена | од 2-6 месеци |
| | | | 4 | | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | Инвалидски пензии | Први барања | 2421 | 7,7% | 1953 | 223 | 148 | 97 |
| | | Останати | 346 | 1,1% | 285 | 31 | 25 | 5 |
| | Вкупно инвалидски | | 2767 | 8,8% | 2238 | 254 | 173 | 102 |
| 2 | Старосни пензии | Први барања | 16319 | 51,8% | 15245 | 920 | 138 | 16 |
| | | Останати | 3467 | 11,0% | 3337 | 54 | 49 | 27 |
| | Вкупно старосни | | 19786 | 62,8% | 18582 | 974 | 187 | 43 |
| | Семејни пензии | Први барања | 5426 | 17,2% | 5062 | 163 | 197 | 4 |
| | | Останати | 969 | 3,1% | 904 | 64 | 1 | |
| 3 | Вкупно семејни | | 6395 | 20,3% | 5966 | 227 | 198 | 4 |
| 4 | Барања од инвалидско осигурување и останати барања | | 2547 | 8,1% | 2353 | 154 | 40 | |
| | Сè вкупно | | 31495 | 100,0% | 29139 | 1609 | 598 | 149 |

Во рок од 30 дена се решени 29.139 барања или 92,52 %, од 30 до 45 дена решени се 1.609 барања или 5,11 %, во рок од 45 до 60 дена решени се 598 барања или 5,11 %, а кај 149 случаи или 0,47 % постапката за решавање траела од 2-6 месеци.

На крајот на 2019 година останаа вкупно нерешени 1.471 барање или 4,46% од вкупниот број за решавање (Табела бр.19), односно 129 нерешени барања за остварување на инвалидска пензија, 1.045 барања за старосни пензии, 270 барања за семејни пензии и 27 барања од инвалидско осигурување и останати барања.

Табела бр.18: Структура на решени и нерешени барања во вкупниот број на барања за решавање

| Ред.бр. | Опис | | Вкупно за решавање | Решени барања | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Вкупно решени | Структура на решените барања во вк. Барања во % | Нерешени барања на 31.12.2019 | Структура на нерешените барања во вк. Барања во % |
| | | | 1 | 2 | 3=2:1 | 4 | 7 |
| 1 | Инвалидски пензии | Први барања | 2538 | 2421 | 7,7% | 117 | 0,35% |
| | | Останати | 358 | 346 | 1,1% | 12 | 0,04% |
| | Вкупно инвалидски | | 2896 | 2767 | 8,8% | 129 | 0,39% |
| 2 | Старосни пензии | Први барања | 17300 | 16319 | 51,8% | 981 | 2,98% |
| | | Останати | 3531 | 3467 | 11,0% | 64 | 0,19% |
| | Вкупно старосни | | 20831 | 19786 | 62,8% | 1045 | 3,17% |
| 3 | Семејни пензии | Први барања | 5696 | 5426 | 17,2% | 270 | 0,82% |
| | | Останати | 969 | 969 | 3,1% | 0 | 0,00% |
| | Вкупно семејни | | 6665 | 6395 | 20,3% | 270 | 0,82% |
| 4 | Барања од инвалидско осигурување и останати барања | | 2574 | 2547 | 8,1% | 27 | 0,08% |
| | Сè вкупно | | 32966 | 31495 | 100,0% | 1471 | 4,46% |

## 2. Извештај за работата на Одделението за норматива, следење и примена на правните прописи и за постапување по претставки

Според надлежноста на Стручната служба која работи на примената на прописите, давање насоки до филијалите на Фондот за постапување по предмети , одговор до институции и странки, како и други задолженија, во текот на 2019 година, извршени се следните активности:

1. До Министерството за труд и социјална политика, дадени се мислења за предложените измени и дополнувања на

   -Законот за пензиското и инвалидското осигурување,
   -Законот за служба во армијата на РМ,
   -Законот за внатрешни работи,
   - Законот за практиканска работа,
   -Законот за социјална заштита,
   -Законот за извршување на санкции.

2. Во соработка со Мнистерството за труд и социјална политика извршени се консултации за измена и дополнување на Законот за финансиска полиција
3. Во соработка со Министерството за труд и социјална политика, подготвени се следните подзаконски акти:

   -Нацрт -правилник за организација, состав и начин на работа на Комисијата за оцена на работната способност.
   -Упатство/Укажување за постапување по измените и дополнувањата на Законот за служба во Армијата на РСМ.
   -Упатство/Укажување за постапување по измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи.
   -Упатство/Укажување за постапување по Законот за извршување на санкциите

   Исто така, во соработка со Министерството за труд и социјална политика извршени се консултации за измена и дополнување на Законот за финансиска полиција

4. Во врска со примената на измените на цитираните закони, поднесени се деловни барања до Секторот за ИТ заради имплементирање на новите терkови

решенија за постапување по овие измени, доставени се деловни барања за работните налози, шифрите и врските, при пополнување на П11 пријавата.

5. По барање на Директорот на Фондот, Одделениеото за регулатива спроведе инетрактивна обука на која присуствуваа филијалите и деловнците за сите измени на ЗПИО и останатите закони кои се применуваат во работењето, како и членстовот во вториот столб. По одржаните обуки се изготви материјал со поставените прашања и дадените одговори, кој се достави до филијлите и деловниците.
6. Изготвен е Извештај до Секретарот на Владата за постапување по претставките од Народниот правобранител.
7. Одговорено е на 179 претставки од

-Народен правобранител,

- Кабинет на претседателот на Република Северна Македонија,

- до Министерството за труд и социјална политика

- Министерство за одбрана

- Министерство за внатрешни равботи

- Министерство за правда

-Приватните пензиски друштва

- и други инсититуции.

8. Дадени се мислења/претходни согласности на 40 предмети доставени од филијалите, Централата и Комисијата за оценка на работната способност за натамошно постапување.
9. Исто така, до Секторот за ИТ доставени се барања за интервенција во апликацијата, со нови теркови на решенија, измена на постоечките теркови на решенија во делот на Преамбулата со Северна Макеоднија и додадени се новите броеви на службени весници каде се објавени измените на ЗПИО.
10. Дадено е деловно барање до Секторот за информатика за интервенција во апликацијата со вградување на новите усогласувања согласно чл. 37 од ЗПИО.

11. Се постапи по препораките дадени во Извештајот на Државниот завод за ревизија и се подготвија нови процедури, и тоа:

-за остварување права на инвалидска пензија и телесно оштетување,

- за остварување право на старосна пензија,

- за остварување право на семејна пензија.

12. Дадени се одговори на прашања поставени од осигуреници или пензионери до службениот мејл на ФПИОСМ, а се однесуваат за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување, по е-мајл или со нивно присуство.

13. Учество во комисии формирани од Директорот на Фондот на ПИОСМ,

- Комисија за попис

- Работа во Тимот за квалитет во ИСО

- Работна Група за примена на чл. 41 од Договорот за социјално осигурување со Р. Србија по барање на МТСП

14. Секојдневна комуникација со филијалите по телефон или е-мајл и давање насоки за постапување по предмети.

## 3. Остварување на правата според меѓународни договори за социјално осигурување

Во извештајниот период, Фондот на ПИОСМ продолжи да ги извршува тековните работи како носител на осигурување и орган за врска надлежен за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување при примена на меѓународните договори за социјално осигурување.

Во непосредното спроведување на договорите за социјално осигурување за кои е надлежно Одделението за спроведување на меѓународни договори при Централата на Стручната служба за периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година се извршени следните работи:

- Од осигурениците, или преку странските носители на осигурување во периодот од јануари до декември 2019 година се примени 2.572 барања (барање за обнова на постапка, ускратни решенија за семејна пензија и ускратни решенија за најнизок износ на пензија и барања за потврдување на стаж) и 310 нерешени барања поднесени во 2019 година, или вкупно 2.882 предмета.

- Од вкупно 2.882 заедно со ланските нерешени барања, решени се и контролирани 2.320 барања за пензија, за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување врз основа на работењето на осигурениците во странство. До странските носители на осигурување, обработени се на двојазични обрасци и поднесени 1.189 барања за пензии.

Остануваат за работа уште 562 барања од 2019 година да се обработат во текот на 2020 година.

За поднесените барања за остварување право на пензија е водена коресподенција со странките и подрачните единици и странските носители, со цел за докомплетирање на барањата и побрзо остварување на правата, или 3.965 коресподенции.

Покрената е постапка по 1.189 барања за утврдување на пензиски стаж навршен во странство за осигуреници кои не остваруваат право на пензија и реципрочно за потребите на странските носители и наши потреби.

Дадени се на Првостепената инвалидска комисија за оцена на работната способност 80 предмети.

Во извештајниот период пристигнати се голем број поднесоци на кои е одговорено.

## 4. Работа на Одделението за оцена на работната способност

Во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување, од големо значење е оцената на работната способност на осигуреникот, затоа што доколку постои инвалидност, или телесно оштетување, се остваруваат долгорочни материјални права од пензиското и инвалидско осигурување.

Трајни промени во здравствената состојба од повреда при работа, надвор од работа или професионална болест, а не може да се отстрани со лекување, или со мерка на медицинска рехабилитација и настапило намалување, или губење на работната способност за вршење на обврските на работното место на кое бил распореден пред настапување на инвалидноста. Со стапување во сила на новиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување од 01.08.2012 год., покрај утврдување на инвалидност по категории и изразена во проценти, се утврдува и инвалидност доколку работната способност на осигуреникот е намалена за 50% и истиот може да работи со скратено работно време, или да биде распореден на соодветни работни задачи согласно прописите кои се применуваат од работните односи и Колективниот договор. Инвалидноста, како основ за остварување право од пензиското и инвалидско осигурување, ја утврдува Комисијата за оцена на работната способност при Фондот, по извршен увид во медицинската и работната документација и извршен преглед на осигуреникот.

Работите за кои се оценува работната способност на осигуреникот, ги опфаќаат работите од неговите телесни и психички способности, а се смета дека одговараат на неговите досегашни работи, додека оцената на работната способност на идивидуалниот земјоделец ја опфаќа работата врз основа на која е задолжително осигурен, согласно овој Закон.

Во 2019 година, Комисијата за оцена на работната способност работеше во 2 состави по 2 члена од лекари специјалисти и 1 лекар специјалист раководител, при што редовно и навреме се извршуваа обврските и се донесуваше Наод, оцена и

мислење и во предмети кај кои се применува билателарен Договор за социјално осигурување.

Во 2019 година, во архивата на Првостепената комисија за оцена на работната способност, се примени и заведени 4.564 предмети, додека во 2018 година се примени 5.217 предмети, или 653 предмети помалку, или 12,52% и истите предмети се комплетирани. Што се однесува до предметите по Задолжителен контролен преглед, комплетирани и поканети се 33 лица. (327 лица во 2018 год.). До подносителите за докомплетирање на работната и медицинската документација, испратени се вкупно 1.034 писма, а на 151 предмет им била прекината постапката по член 14 од Правилникот.

Детален преглед на изработените предмети во 2019 година:

| | |
|---|---|
| - Заведени предмети | 4.564 |
| - Решени предмети со донесен наод | 3.461 |
| - Прекината постапка поради смрт | 27 |
| - Прекината постапка по чл.14 | 151 |
| - Вратени во ПЕ по процедура за остварување | 0 |
| - Права од ПИО од 18.04.2012 под бр.02-2164/1 | 787 |
| - Не се јавиле на непосреден преглед | 138 |

Од вкупниот број на поднесени барања, Комисијата донела 3.428 наоди за оценка на работната способност, во 2018 година имало 3.790 наоди, од нив 37 наоди за остварување на правото по меѓународни договори, а во 2018 година 43 наоди , 455 наоди за утврдување на процент на телесно оштетување како единствено право, додека во 2018 година имало 328 такви наоди.

Структура и вид на вештачени барања во 2019 година:

-907 барања, или 32,0% за остварување право на пензија, (во 2018 година 1.108 барања), и тоа: 550 барања или 18,3% за општа неспособност, а за работа во 2018 година

635 барања и 357 барања или 13,7%, професионална неспособност за работа со право на пензија, а во 2018 година 473 барање,

-436 барања или 12,4% за намалена работна способност со скратено работно време, а во 2018 година 431 такво барање,

- 142 барања или 3,8% за промена на работно место, а во 2018 година 131 барање,

- 144 барања, или 4,6% и понатаму намалена работна способност, а во 2018 година 144 барања,

- нема барања каде лекувањето не е завршено,

- 1.052 барања, или 37,8% - не постои инвалидност, а во 2018 година 1.309 барања,

- 0 барања - други случаи, а во 2018 година 9 барања,

- 148 барања, или 5,0% повторни прегледи, а во 2018 година 176 барања,

- 107 барања или 3,2% за семејна пензија, а во 2018 година 111 барања,

- 37 наоди или 1,2% за странски носители, а во 2018 година 43 наоди.

Табела бр.19: Решените барања за оцена на работната способност по видови во 2019 и 2018 година дадени се во следната табела:

| ред. број | Вид на случаи | 2019 година | | 2018 година | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | Структура | број | структура | 2019/2018 |
| 1 | Општа неспособност за работа | 907 | 30,5 | 1.108 | 32,0 | 81,8 |
| 2 | Скратено работно време | 436 | 14,7 | 431 | 12,5 | 101,2 |
| 3 | Промена на работа | 142 | 4,8 | 131 | 3,8 | 108,4 |
| 4 | И понатаму намалена работна способност | 144 | 4,9 | 144 | 4,2 | 100 |
| 5 | Лекувањето не е завршено | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,0 |
| 6 | Не постои инвалидност | 1.052 | 35,3 | 1.309 | 37,8 | 80,4 |
| 7 | Други случаи | 0 | 0,0 | 9 | 0,3 | 0 |
| 8 | Повторни прегледи | 148 | 5,0 | 176 | 5,0 | 84,1 |
| 9 | Семејна пензија | 107 | 3,6 | 111 | 3,2 | 96,4 |
| 10 | Наоди за странски носители | 37 | 1,2 | 43 | 1,2 | 86,00 |
| | ВКУПНО I | 2.973 | 100,0 | 3.462 | 100,0 | 85,9 |
| 1 | Здравствена заштита | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,0 |
| 2 | Телесно оштетување | 455 | 93,2 | 328 | 50,1 | 138,7 |
| 3 | Контролен преглед | 33 | 6,8 | 327 | 49,9 | 10,00 |
| | ВКУПНО II | 488 | 100 | 655 | 100 | 74,5 |
| | ВКУПНО (I+II) | 3.461 | 100 | 4.117 | 100 | 84,1 |

Структурата на вештачените барања може да се види од следниот графикон:




Од податоците во табелата за решени барања од страна на Комисијата за оцена на работната способност во 2019 година, се гледа дека работата се одвивала навремено, а предметите во најкраток рок биле решавани во 76% решени во однос на вкупно поднесените, односно комплетирани барања.

Табела бр.20: Бројот на донесените наоди за оцена на работната способност по години е следниот:

| Година | Оцена на работната способност | Телесно оштетување | Други барања | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2007 | 7.397 | 345 | 963 | 8.705 |
| 2008 | 6.605 | 297 | 1.689 | 8.591 |
| 2009 | 6.221 | 358 | 1.069 | 7.648 |
| 2010 | 4.479 | 254 | 1.110 | 5.843 |
| 2011 | 3.225 | 201 | 561 | 3.987 |
| 2012 | 5.131 | 401 | 959 | 6.491 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2013 | 4.678 | 415 | 833 | 5.926 |
| 2014 | 3.776 | 373 | 911 | 5.060 |
| 2015 | 3.605 | 340 | 878 | 4.823 |
| 2016 | 3.601 | 324 | 660 | 4.585 |
| 2017 | 3.368 | 275 | 488 | 4.131 |
| 2018 | 3410 | 328 | 379 | 4.117 |
| 2019 | 2.973 | 455 | 33 | 3.461 |

Според податоците од табелата, произлегува дека во 2019 година има намалување на донесените наоди за оцена на работната способност во однос на претходната година.

Кога се работи за времена инвалидска пензија и постапка на задолжителен контролен преглед, постапува Комисијата за задолжителен контролен преглед на корисниците на времена инвалидска, односно семејна пензија. Во периодот од 01.01. до 31.12.2019 година, оваа Комисија вештачела 33 случаи, а во 2018 година 327 случаи и донела толку соодветни наоди.

Ревизија на сите наоди на Комисијата за оцена на работната способност, со кои е утврдена инвалидност, односно неспособност за работа, како и по случаен избор и ревизија кај негатвни наоди, врши Комисијата за ревизија на наодот, оценката и мислењето за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, основана од министерот за труд и социјална политика.

Во 2019 година, Комисијата за оцена на работната способност до Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика, има доставено вкупно 1.365 наоди (1.017 позитивни и 348 негативни).

Од доставени 1.017 позитивни наоди, Комисијата за ревизија потврдила 984, или 96,8% од вкупниот број наоди, а непотврдила 33 наоди, или 3,2%.

Исто така, од 348 доставени негативни наоди до Комисијата за ревизија при Министерсрвото за труд и социјална политика, истата потврдила 321 наод, или 92,2%, а непотврдила 27 наоди, или 7,8%.

Во вкупниот број на доставени наоди од ОРС до МТСП се внесени сите донесени наоди од првостепена постапка, како и предметите од задолжителен контролен преглед, семејни пензии, како и наодите кои произлегуваат од меѓународните договори на лица кои живеат во странство, а се носители на пензии од странскиот орган.

Во 2019 година, Комисијата за задолжителен контролен преглед до Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика, има доставено вкупно 36 наоди (29 позитивни и 7 негативни).

Од доставени 29 позитивни наоди, Комисијата за ревизија потврдила 28 наоди, или 96,5% од вкупниот број, а непотврдила 1 наод, или 3,5%.

Исто така, од 7 доставени негативни наоди, Комисијата за ревизија при Министерсрвото за труд и социјална политика потврдила 4 наоди, или 57,1%, а непотврдила 3 наоди, или 42,9%.

Горенаведената состојба се должи на строгата примена на правилниците за работа на Ревизионата комисија при МТСП, која постапувала и строго ја применувала одредбата да контролира предмети со донесен негативен наод по случаен избор, а не како во поранешниот период кога биле барани сите предмети за ревизија.

## 5. Матична евиденција

Во текот на 2019 година, матичната евиденција во Централата на Стручната служба на Фондот, ги спроведуваше тековните работни задачи во одделението, работата во однос на соработката со повеќе надворешни институции во однос на размената на податоците, доставување на Прегледите со регистрирани податоци од матична евиденција до обврзниците, кои се однесуваат за стажот на осигурување, како и соработката со МАПАС, која се однесува за членството во ППФ.

Матична евиденција во Централата на Стручната служба, тековно презема активности поврзани со обезбедување на точни комплетни ажурни бази на податоци за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонесот.

Матична евиденција во Централата на Стручната служба, во изминатиот период, ги спроведуваше следните активности:

- Надзор и контрола на работењето во филијалите/деловниците, а посебно во делот на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење (бенифициран стаж).

Спроведување на размената на податоци со институциите со кои Фондот има се склучени договори за соработка.

- Одговори на претставки доставени од осигуреници, обврзници и институции, како и давање на мислења и претходна согласност на предмети побарани од филијалите/деловниците.
- Подготовка на известувања до филијалите/деловниците за прашања кои се од областа на матичната евиденција, како и насоки за работа согласно измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, како и Правилникот за начинот за водење на матичната евиденција во Фондот.
- Соработка со осигуреници за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.
- Соработка на Фондот со институциите во однос на членство во приватниот пензиски столб и одговори на барања за членови во приватните пензиски фондови.
- Изготвување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на водење на матичната евиденција.
- Учество во работилници, како и одговор на претставки согласно Законот за заштита на личните податоци и законот за информации од јавен карактер.
- Учество на имплементација на проектот „Raise up“, од програмата EaSI, активности од областа на непријавено работење на Европската Унија.
- Постапување по барања за следење и обезбедување на преписи од оригиналот на микрофилмуваните пријави.

- Изготвување на процедури за работењето во Одделението за матична евиденција во Централата на Стручната служба.
- Учество во СИПА проектот од Светска банка.

За периодот до 31.12.2005 година, работодавците, имаа обврска, пријавите за стажот на осигурување, платите, надоместоците на плата и основиците на осигурување М/4, да ги достават до филијалите/деловниците на Фондот, со документација согласно евиденцијата од областа на трудот, а Фондот имаше обврска да изврши контрола и внос на податоците.

За периодот после 01.01.2006 година, Фондот ги добива овие податоци за осигурениците по електронски пат од страна на надлежните институции (АВРСМ и УЈП), а после нивната обработка, Фондот истите ги генерира.

Во однос на интерактивниот внос на податоците за стажот на осигурување и платите (М/4), во системот на автоматска обработка на податоците, евидентирано е дека заклучно со октомври 2019 година, во евиденцијата на Фондот, внесени се 69.986 пријави.

Во однос на генерираните податоци, заклучно со октомври 2019 година, генерирани се 203.270 пријави кои се однесуваат генерално за период до 31.12.2018 година.

Вкупно внесени и генерирани М/4 пријави заклучно со октомври 2019 година се 273.256 пријави.

На ниво на филијали и деловници на Фондот, состојбите со внесени пријави од страна на вработените, се следни:

| Филијали/деловници | внесени | генерирани | вкупно |
|---|---|---|---|
| ВИНИЦА | 536 | 990 | 1526 |
| ВЕЛЕС | 1464 | 8383 | 9847 |
| ВАЛАНДОВО | 403 | 1691 | 2094 |
| ТЕТОВО | 2824 | 8356 | 11180 |
| СВ.НИКОЛЕ | 572 | 3166 | 3738 |
| СТРУМИЦА | 1846 | 4245 | 6091 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СТРУГА | 1888 | 3245 | 5133 |
| СКОПЈЕ | 30860 | 32615 | 63475 |
| РЕСЕН | 625 | 1950 | 2575 |
| РАДОВИШ | 901 | 3749 | 4650 |
| ПРОБИШТИП | 380 | 2818 | 3198 |
| ПРИЛЕП | 1912 | 10935 | 12847 |
| ОХРИД | 2146 | 7783 | 9929 |
| НЕГОТИНО | 466 | 3689 | 4155 |
| М.БРОД | 143 | 786 | 929 |
| КУМАНОВО | 4848 | 9429 | 14277 |
| КРУШЕВО | 194 | 963 | 1157 |
| КР.ПАЛАНКА | 622 | 2492 | 3114 |
| КРАТОВО | 164 | 621 | 785 |
| КОЧАНИ | 1316 | 5578 | 6894 |
| КИЧЕВО | 1161 | 2883 | 4044 |
| КАВАДАРЦИ | 1353 | 3894 | 5247 |
| ГОСТИВАР | 2132 | 4656 | 6788 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 1321 | 3654 | 4975 |
| ДЕМИР ХИСАР | 465 | 1306 | 1771 |
| ДЕЛЧЕВО | 594 | 1613 | 2207 |
| ДЕБАР | 436 | 597 | 1033 |
| БИТОЛА | 2659 | 20158 | 22817 |
| БЕРОВО | 362 | 1536 | 1898 |
| ШТИП | 4722 | 8618 | 13340 |
| СКОПЈЕ ЦЕНТРАЛА | 671 | 40871 | 41542 |
| | 69986 | 203270 | 273256 |

Во текот на 2019 година, исто така беше спроведено генерирање и утврдување на пријавите М4 по автоматски пат, преку Секторот за информатика за податоците од 2018 година и на тој начин беа утврдени вкупно 586.308 пријави за 462.832 осигуреници.

Како и во досегашните години Фондот се соочува со проблем на не прибрани М4- пријави, за изминати години. Проблемите се резултат на тоа што поголем број на деловните субјекти повеќе не постојат и не се придржуваат кон законската обврска

документацијата да ја предадат во Архивот на РСМ. По однос на периодите после 2006 година, кај дел од работодавачите не постои сериозен пристап и свесност за значењето на месечно пријавените податоци поради што се појавуваат проблеми во годишните податоци чии исправки треба да ги спроведе работодавачот.

Во таа насока во континуитет на филијалите и деловниците им се даваат насоки и појаснувања за прибирање и исправка на податоците.

**Функции на Фондот за потребите на вториот пензиски столб**

Во текот на претходните години, беа спроведени повеќе анализи на евиденцијата која ја води Фондот на ПИОСМ, анализи на деловните процедури, сè со цел да се изврши подобрување во постојниот пензиски систем во интерес на осигурениците - членови како на првиот, така и на вториот пензиски столб. Како резултат на анализите почнувајќи од 2019 година, се донесени нови законски решенија, а истовремено Фондот отпочна со подобрување на деловните процеси и зајакнување на сите контролни критериуми во водењето на евиденциите и распределбата на членството. Во оваа насока, спроведено е и унапредување на организационата поставеност и во текот на февруари 2019 година, во Фондот е формиран посебен Оддел кој се грижи исклучиво за членството во вториот столб.

Во извештајниот период, посебно се истакнуваат следните активности:

1. Деловни барања и координација со Секторот за информатика за спроведување на измените и дополнувањата во апликациите кои се однесуваат за осигурениците -членови на вториот столб.

Измените и дополнувањата се однесуваат за:

- критериумите за членство
- критериумите за распределба на придонесите
- определување на нови ознаки – статуси за членовите во вториот пензиски столб.

2. Подготовка на известувања и појаснувања до филијалите и деловниците за прашања кои се во врска со измените и дополнувањата на законите, а се однесуваат за членството во вториот пензиски столб.

3. Подготовка и одржување на обуки за вработените за измените и дополнувањата на законите кои се однесуваат за членството во вториот пензиски столб.

- Февруари 2019 година во Клубот на пратениците во соработка со Агенцијата за супервизија – МАПАС,
- Мај 2019 година во Централата на Фондот во соработка со Одделението за нормативa.

4. Учество и следење на валидацијата на пријавите М1/2 со цел да се обезбеди непречено спроведување на постапката за регистрација на членовите во вториот пензиски столб.

5. Соработка со Агенцијата за супервизија МАПАС, Министарството за труд и социјална политика и двете приватни пензиски друштва за разрешување на прашања во врска со членството во вториот столб.

Со споменатите измени во законската регулатива покрај другото, предвидени се нови критериуми за членство во задолжителните пензиски фондови од вториот столб. Согласно новите критериуми, осигурениците кои прв пат пристапуваат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување по 01.01.2019 година и на датумот на пристапување во осигурување се помлади од 40 години, се задолжителни членови на вториот пензиски столб. Имено, согласно спомeнативе законски одредби беше извршена содветна регистрација на членови во вториот пензиски столб, а дел од членовите беа вратени во првиот пензиски столб. Исто така, беше спроведена и соодветна прерспределба на средствата од придонеси во првиот и вториот пензиски

столб. Регистрацијата на членството како и трансферите на средствата се прикажани во следните табели:

1. Во врска со членови кои се ненавремено распределени во задолжителните пензиски фондови, заклучно до 31.12.2018 година и за кои ненавремено е пренесен уплатениот придонес и надоместокот за ненавремен пренесен придонес кон задолжителните пензиски фондови, прикажана е следната состојба на реализирани трансфери од Фондот на ПИОСМ кон приватните пензиски фондови:

**Трансфер од ФПИОСМ кон ППФ – за ненавремено распределени членови и ненавремено пренесен придонес во задолжителните пензиски фондови**

| | Осигуреници | Вкупен придонес | Надоместок за ненавремено пренесен уплатен придонес | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 561 | 197,126,998 | | 196,076,424 |
| Февруари | 567 | 117,565,180 | 69,978,667 | 187,542,350 |
| Март | 3,478 | 154,522,066 | 40,771,872 | 195,293,938 |
| Април | 1,119 | 137,536,290 | 57,419,170 | 194,956,579 |
| Мај | 3,738 | 190,940,726 | 53,281,594 | 244,226,058 |
| Јуни | 109 | 4,280,376 | 57,423,874 | 61,704,359 |
| Јули | | | 901,394 | 901,394 |
| Вкупно | 9,572 | 801,971,636 | 279,776,571 | 1,080,701,102 |
| Распределени со 0 износ | 4,462 | | | |
| ВКУПНО | 14,034 | 801,971,636 | 279,776,571 | 1,080,701,102 |

2. Во врска со трансферите од приватните пензиски друштва кон Фондот на ПИОСМ за задолжителните членови кои се родени пред 1 јануари 1967 година, земјоделците и членовите осигуреници со бенефициран стаж, на кои им престанува членството во задолжителен пензиски фонд на 1 јануари 2019 година согласно законските измени, прикажана е следната состојба на реализирани трансфери од приватните пензиски фондови кон Фондот на ПИОСМ:

| Трансфер од ППФ кон ФПИОСМ – за задолжителни членови родени пред 1 јануари 1967 година, земјоделци и членови со бенефициран стаж | | |
|---|---|---|
| | Вкупно | |
| | Членови | Средства |
| *денари | | |
| Задолжителни членови во задолжителни фондови родени пред 1967 | 11.573 | 1.077.685.957 |
| Членови земјоделци и членови со бенефициран стаж | 5.072 | 1.353.799.184 |
| Вкупно | 16.645 | 2.431.485.141 |

3. Во однос на членовите кои имаа право на потпишувањето на изјави за прекинување/продолжување на членството од страна на доброволните членови на задолжителните пензиски фондови родени пред 1 јануари 1967 година, кои имаат право на избор за прекинување/продолжување на членството до 30 септември 2019 година, по истекот на рокот, состојбата е следна:

**Трансфер од ППФ кон ФПИОСМ- за доброволни членови со право на изјава за прекинување на членство во втор пензиски столб**

| Вратени членови во ФПИОСМ | Бруто придонес | Принос | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 4817 | 873.788.049 | 367.377.657 | 1.241.165.706 |

4. До Фондот извршен е трансфер на средства за осигуреници од вториот пензиски столб кои, и согласно законот за изменување и дополнување на Законот за капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на РСМ“ бр. 180/19), членовите на вториот пензиски столб кои имаат стаж на осигурување што се смета со зголемено траење, имаат право да се изјаснат за продолжување на членството во вториот столб до 30 ноември 2019 година. По истекот на законскиот рок, осигурениците кои нема да дадат изјави за продолжување на членството во вториот пензиски столб, ќе бидат вратени во првиот столб и средствата од индивидуалните сметки ќе се трансферираат во Фондот на ПИОСМ.

**Поврат на средства и членови кон Фондот на ПИОСМ од приватните пензиски фондови бројот на членови и средства**

| Средства | Осигуреници ( членови во втро столб) |
|---|---|
| 859.165.118 | 2.268 |

**ФПИОСМ исплати кон приватните пензиски фондови за веќе вратени членови кои сега потпишале Изјава за продолжување на членство**

| Средства | Осигуреници ( членови во вторстолб) |
|---|---|
| 29.959.494 | 60 |

5. Со измените и дополнувањето на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување е регулирано Фондот на ПИОСМ да наплатува надоместок за функциите кои ги извршува за потребите на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Надоместокот преставува месечен надоместок на товар на пензиските друштва во висина од 0,1% од секој уплатен придонес за претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат друштвата. По тој основ, заклучно со 31.12.2019 година, наплатен е износ во висина од 7.927.134,00 ден.

## 6. Исплата на пензии

Една од основните функции на Фондот при спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување, е исплатата на пензиските примања на корисниците на пензија. И во 2019 година, во првата недела од месецот, се вршеше исплата на пензиите за претходниот месец, а обработката на пензиите се вршеше во соработка со Секторот за информатика.

- Подготвени и исплатени се редовни месечни исплати на пензии за корисници на пензии од работничко осигурување, воени пензии земјоделски минимални пензии, како и исплата во поранешни ЈУ-републики и трансфер.
- Подготвени и исплатени се вонредни исплати за починати корисници на пензија во Р. Северна Македонија и странски држави.
- Обработка, печатење, проверка и отворање на финансови досиеја за нови решенија кои се донесени за корисници на пензија кои за прв пат стекнале право на пензија.
- Обработка, печатење, проверка на решенија донесени од страна на филијалите на Фондот за обнова на постапка, ускратни решенија и др.
- Постапување по решенија, пресметка и контрола на истите.
- Прием, евидентирање, скенирање и постапување по барања за информација, известувања и налози за извршување, доставени од страна на извршителите.
- Примени и обработени уверенија за живот во март и ноември 2019 година, на корисници на пензија на кои исплатата се врши во поранешните ЈУ-републики, трансфер и на корисниците на пензија во Р. Северна Македонија, за кои исплатата се врши преку овластено лице, корисници на пензии по основ на неспособност за работа и самостоен живот, како и други категории на корисници на пензии.
- Исклучување од исплата на корисниците на пензија кои на барање на Фондот, во определениот рок, не доставиле потврда за живот во мај и декември 2019 година.

- Доставување на известување за прекинување на право на исплата за корисници на пензија, кои и по втората достава, немаат испратено Уверение за живот.
- Прием, скенирање и обработка на образец за оштетно побарувања согласно договорите со поранешните Ју- републики.
- Електронска размена на починати корисници на пензија кои живееле во поранешните Ју- републики, пасивизирање, барање на повеќе исплатени пензиски примања од банка.
- Прием, скенирање и евиднетирање на школски потврди во текот на октомври, ноември и декември 2019 година за корисници кои користат право на пензија по основ на школување.
- Пасивирање на исплатата за корисници по основ на школување, кои во определениот рок не доставиле потврда за школување во октомври и ноември 2019 година.
- Пасивирање на исплатата за корисници по основ на школување кои имаат наполнето 15 години возраст, а истите немаат доставено Потврда за школување.
- Пасивирање на исплатата на месечно ниво за корисниците на семејни пензии по основ на школување кои имаат наполнето 26 години возраст, како и доставување на известие до филијалите на Фондот за ускратување на нивното право на пензија.
- Пресметка, изготвување и доставување на пресметки за сторена преплата до Одделението за правни работи.
- Зголемена контрола на новите решенија кои секојдневно пристигнуваа во одделението, со што, кај случаите каде се утврдени недостатоци, решенијата се враќани назад во филијалите на Фондот за корекција.

- Комуникација со Управата за водење на матични книги за обезбедување на податоци за починати корисници на пензија, пасивирање на исплатата и изготвување на пресметка за сторена преплата.

## 7. Имотно-правно работење

Во Одделението за правни работи во 2019 година, евидентирани се вкупно 217 предмети, при што побарувањата на Фондот по основ на штети е во вкупен износ од 22.646.533,00 денари, од кои завршени се (адактирани) 106 предмети и наплатени се вкупно 6.292.814,00 денари.

Од вкупно 217 предмети во 2019 година по основ на неоснована исплата на времена инвалидска пензија, евидентирани се 35 предмети со вкупно побарување во износ од 5.567.730,00 денари, од кои наплатени се 1.147.372,00 денари.

По основ на неоснована исплата на семејна пензија, евидентирани се 126 предмети со вкупно побарување во износ од 2.829.891,00 денари, од кои се наплатени 1.197.935,00 денари.

Евидентирани се 28 предмети по основ на неоснована исплата на старосна пензија поради вработување на корисникот на пензија, со вкупно побарување во износ од 7.447.834,00 денари, од кои наплатени се 2.194.314,00 денари.

По основ на неоснована исплата на најнизок износ на пензија се евидентирани 4 предмети со вкупно побарување во износ од 731.335,00 денари, од кои се наплатени 76.759,00 денари.

По основ исплата на починат корисник на пензија, евидентирани се 13 предмети со вкупно побарување во износ од 1.686.356,00 денари, од кои наплатени се 107.336,00 денари.

Евидентирани се 2 предмета врз основа на поништено решение, со кое се утврдува право на старосна пензија, каде што побарувањето е во износ од 310.819,00 денари, а наплатени се 151.385,00 денари.

Евидентирани се 2 предмета каде што се менува износот на пензија, поради донесено решение од Р. Србија по чл.41 од Договорот со СРЈ, при што побарувањето на Фондот е во износ од 3.353.995,00 денари, а наплатени се 1.224.567,00 денари.

По други основи, евидентирани се 7 предмети со вкупно побарување во износ од 718.573,00 денари, при што е наплатен износ од 193.146,00 денари.

Во 2019 година се поднесени 55 тужби по разни основи за наплата на побарување во износ од 10.271.773,50 денари.

Во текот на 2019 година, од страна на надлежните судови во Република Северна Македонија донесени се 42 пресуди, од кои 4 пресуди се донесени за предмети во кои Фондот е тужена страна и сите овие тужбени барања против Фондот во вкупен износ од 1.562.913,00 денари, со пресудите се одбиени како неосновани.

Од овие 42 пресуди, во корист на Фондот донесена е 31 пресуда за наплата на побарување на име главен долг во вкупен износ од 2.042.776,00 денари; со 2 пресуди делумно се усвојува тужбеното барање на Фондот за наплата на побарување во износ од 1.247.027,00 денари (по тужбеното барање побарувањето е во износ од 2.170.543,00 денари); со 4 пресуди, за вкупно побарување во износ од 977.019,00 денари е одбиено тужбеното барање на Фондот како неосновано, истите се во жалбена постапка.

Одделението за правни работи постапува и по предмети од претходните години кои сè уште не се завршени, односно наплатени.

| ред.бр. | основ | број на предмети | побарување | наплатено |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Неоснована исплата на времена инвалидска пензија | 35 | 5.567.730,00 | 1.147.372,00 |
| 2 | Неоснована исплата на семејна пензија | 126 | 2.829.891,00 | 1.197.935,00 |
| 3 | Неоснована исплата на старосна пензија поради вработување на корисникот на пензија | 28 | 7.447.834,00 | 2.194.314,00 |
| 4 | Неоснована исплата на најнизок износ на пензија | 4 | 731.335,00 | 76.759,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Исплата на починат корисник на пензија | 13 | 1.686.356,00 | 107.336,00 |
| 6 | Поништено решение со кое се утврдува право на старосна пензија | 2 | 310.819,00 | 151.385,00 |
| 7 | Се менува износот на пензија, поради донесено решение од Р. Србија по чл.41 од Договорот со СРЈ | 2 | 3.353.995,00 | 1.224.567,00 |
| 8 | Други основи:/поради смрт на детето се одредува нов износ на семејна пензија на вдовицата/кривична пријава за измама; се менува износот на пензија по донесено конечно решение | 7 | 718.573,00 | 193.146,00 |
| | ВКУПНО | 217 | 22.646.533,00 | 6.292.814,00 |

## 8. Органи на управување на Фондот

### *1. Управен одбор*

Работата на Управниот одбор во 2019 година, беше реализирана согласно Статутот и Програмата и планот за работа на Управниот одбор за 2019 година. УО на Фондот на ПИОСМ како највисок орган на управување, својата активност ја насочи за обезбедување и спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на материјалната и социјална сигурност на корисниците на пензија, како и во унапредување на пензиската политика.

Управниот одбор на Фондот е од седум членови именувани од Владата на Република Македонија, за време од четири години. Од овој број членови, пет члена, односно по еден претставник се од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Репрезентативниот синдикат член на Економско социјалниот совет, Репрезентативното здружение на работодавачите член на Економско социјалниот совет и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Управниот одбор избира претседател и заменик претседател за време од една година и за својата работа, најмалку еднаш годишно, поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

Управниот одбор на Фондот носи Програма и план за работа, утврдува предлог - буџетско барање до Министерството за финансии, усвојува Завршна сметка на Фондот, се грижи за редовна уплата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, одлучува за користење на средствата на Фондот, за продажба на имотот во сопственост на Фондот, за продажба на акциите и уделите од вкупниот капитал стекнат по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, се грижи и редовно ја следи исплатата на посмртната помош на корисниците на пензија и на издвоените средства од пензиите за членарина, како и разгледува прашања, извештаи, информации и други материјали од пензиското и инвалидско осигурување и други работи од надлежноста на Фондот.

Управниот одбор во 2019 година, одржа 13 седници, на кои беа разгледани, дискутирани и вреднувани 58 материјали. Притоа, беа донесени 22 одлуки, Програма и план за работа на УО на Фондот на ПИОСМ и Годишен план за работа на Фондот на ПИОСМ, усвоени 26 информации и 3 извештаи, а беа донесени и Буџет на Фондот на ПИОСМ за 2020 год. и Стратешки план на Фондот на ПИОСМ за периодот 2020-2022 година.

Членовите на Управниот одбор имаа колективна и квалитетна соработка и одговорност при донесувањето одлуки и заклучоци, во интерес на корисниците на нашите услуги.

Исто така, за Државниот архив на Република Северна Македонија, направен е опис и попис на архивска граѓа од трајна вредност, во која се содржани сите одржани седници на Управниот одбор на Фондот и наведени усвоените документи на седниците одржани во 2019 година.

Управниот одбор на Фондот, изврши и значајна раководна активност во 2019 година, одговорно, квалитетно и навреме ја реализира Програмата и планот за работа, со почитување на законските документи: Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Статутот на Фондот на ПИОСМ и Деловникот за работа на Управниот одбор.

Може да се заклучи, дека Управниот одбор на Фондот на ПИОСМ во 2019 година, својата активност ја насочи кон одговорно кон разрешување на повеќето актуелни прашања од доменот на својата работа и ангажираност, при што се постигнати значајни резултати на тој план.

## 2. *Директор*

Директорот на Фондот раководи со истиот и го претставува пред трети лица. Во рамките на своите овластувања во 2019 година, директорот успешно ја раководеше работата на Фондот, што придонесе да се остварат позитивни резултати во сите сегменти од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување. Директорот ја предложи Програмата и планот за работа на Управниот одбор за 2019 година и донесе Програма за работа на Фондот. Неговото ангажирање придонесе за целосна реализација на Програмата за работа, што резултира со успеси во интерес на корисниците на нашата работа. Тој, исто така, презеде и повеќе мерки за наплата на ненаплатениот придонес заклучно со 2008 година, за зголемување на наплатата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, потоа за барање согласност за вработување на упразнетите работни места, за подобрување на финансиското работење, како и за постапување по повеќе клучни прашања за вршење на дејноста на Фондот, а поврзани со постојната законска регулатива и потребата од нивна измена.

Како извршен орган на Фондот, директорот, до Управниот одбор предлагаше извештаи, анализи, одлуки и други материјали од пензиското и инвалидско осигурување, а воедно се грижеше и за извршување на одлуките, насоките и заклучоците донесени од Управниот одбор на Фондот и Владата на Република Северна Македонија.

Како директор на Стручната служба на Фондот, ја организираше и координираше работата на вработените во Фондот и одлучуваше за остварување на нивните права од работен однос.

## 9. Стручна служба на Фондот

### *1. Човечки ресурси*

Во текот на 2019 година, Одделението за човечки ресурси ја реализираше политиката на менаџирање со човечките ресурси во Фондот на ПИОСМ, преку имплементирање на Законот за работни односи, Законот за вработените во јавниот сектор, Закон за административни службеници, Законот за ПИО, Правилникот за систематизација на работните места во Фондот на ПИОМ бр.02-441/1 од 21.01.2016год. и Колективниот договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија бр.02-3278/1 од 23.06.2016 година.

Во текот на 2019 година се јави потреба да се изврши детален увид во работните процеси и ресурсите со кои се остваруваат основните функции кои Фондот ги извршува, односно подготвеноста на институцијата да ги спроведе неопходните подобрувања за подобро извршување на своите основни функции, како и да се утврди потребата од реорганизација на работните процеси и внатрешната организација и систематизација на институцијата, поради што се спроведе процес на функционалната анализа во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и беше изготвен Извештај од спроведената функционална анализа во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор.

Дополнителна причина поради која беше утврдена потребата од спроведување на функционална анализа, беше и последната измена на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РМ", бр. 245/2018 година), со која е извршена нова класификација на работните места во стручната служба на Фондот во категории и нивоа.

Врз основа на извештајот од спроведената Функционална анализа, а поради причините наведени погоре, беше извршено усогласување на актите за

систематизација и за внатрешна организација на Фондот, Каталогот на работните места и беше потпишан нов Анекс на колективниот договор.

По донесувањето на новите акти за систематизација и внатрешна организација и потпишувањето на Анексот на колективниот договор, беа изготвени нови решенија за распоредување и утврдување на плата за сите вработени и истите беа внесени во софтверот за човечки ресурси – Hermes.

Спроведена е постапката за полугодишно интервју и постапката за оценување на административните службеници во Фондот на ПИОСМ и врз основа на тоа изработен е Извештај за спроведеното оценување и истиот е доставен до Министерството за информатичко општество и администрација.

Врз основа на Законот за вработените во јавниот сектор, изготвени се план за вработување за 2020 година и план за обуки на административните службеници во Фондот за 2020 година, како и извештаи за реализација на планот за вработување, планот за обуки.

Продолжено е ажурирањето на податоците на вработените преку софтверот за човечки ресурси – Hermes, а врз основа на обврската од Законот за вработените во јавниот сектор, се продолжи со внесување и ажурирање на податоците за вработените во ФПИОСМ во Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), кој го води Министерството за информатичко општество и администрација.

Се продолжи со електронската евиденција на работното време во Фондот, преку изработка на дневни, неделни и месечни извештаи за присутност на вработените, комуникација со Агенцијата за вработување, спроведување на пријави М1-М2, ППР пријави и одјави на вработените по било кој основ: откази, пензионирање, мирување на работен однос, неплатени отсуства, извештаи за вработените за образование, работно место, националност, пол и возраст.

Беа изработени договори за самостојна работа, како и План за користење на годишните одмори за 2019 година.

Се спроведуваа дисциплински постапки, а спроведени се и постапки за преземање на вработени од други институции.

Исто така изготвени се решенија по основи за: распоредување, изрекување дисциплински мерки, престанок на вработување, платено и неплатено отсуство, годишен одмор.

Тековно се изготвуваа одговори по жалбите на вработените доставени преку Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија до Агенцијата за администрација.

Редовно се врши писмена комуникација со Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите надлежни институции, ажурирање на податоците за вработените во координација со Фондот за здравствено осигурување за добивање картони за здравствено осигурување, како и за електронските здравствени картички. Изработен е и ажуриран планот за одбрана во Фондот.

Во Стручната служба на Фондот, со состојба декември 2019 година, беа ангажирани 559 вработени. Во споредба со 2018 година, бројот е намален за 28 вработени и тоа најмногу поради заминување во пензија на вработените, а непополнување на упразнетите работни места.

Квалификациската структура на вработените во Стручната служба на Фондот е прикажана во табелата подолу.

Табела бр.21: Квалификациска структура на вработените во Фондот

| Стручна подготовка | 2018 | Структура | 2019 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| Висока | 297 | 50.6 | 293 | 52.4 |
| Виша | 47 | 8.0 | 45 | 8.1 |
| Средна | 227 | 38.7 | 207 | 37.0 |
| Ниска | 16 | 2.7 | 14 | 2.5 |
| Вкупно | 587 | 100.0 | 559 | 100.0 |




Структурата на вработените според школската подготовка, во 2019 во однос на 2018 година е на приближно исто ниво.

Табела бр.22: Движење на бројот на вработените во Стручната служба на Фондот, во периодот од 2007-2019 година

| Година | Стручна служба, Централа-Скопје | Подрачни единици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2007 | 254 | 430 | 684 |
| 2008 | 254 | 462 | 716 |
| 2009 | 251 | 427 | 678 |
| 2010 | 263 | 474 | 737 |
| 2011 | 258 | 451 | 709 |
| 2012 | 245 | 432 | 677 |
| 2013 | 233 | 421 | 654 |
| 2014 | 230 | 406 | 636 |
| 2015 | 252 | 393 | 645 |
| 2016 | 249 | 388 | 637 |
| 2017 | 242 | 366 | 608 |
| 2018 | 233 | 354 | 587 |
| 2019 | 221 | 338 | 559 |

Според стручната подготовка, просечната бруто плата (декември 2019 година) изнесува:

| | |
|---|---|
| ВСС | 45.458,00 |
| ВС | 39.723,00 |
| ССС | 31.434,00 |
| НСС | 26.231,00 |
| Вкупно | 39.192,00 |

Надоместокот на Стручната служба на Фондот во 2019 година изнесува 228,82 милиони денари и истиот во вкупните расходи на Фондот учествува со 0,31%.

## 2. Одделение за внатрешна ревизија

Одделението за внатрешна ревизија во текот на 2019 година, ги извршуваше своите работни задачи предвидени во Стратегискиот план за извршување на ревизија од 2019-2021 година и Годишниот план за ревизија за 2019 година, со цел преку своите наоди, препораки, забелешки и советодавната улога да придонесе во подобрување на работењето и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола во Фондот на ПИОСМ.

Внатрешната ревизија ги спроведува своите работни задачи согласно прифатените стандарди за професионално извршување на ревизија, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, Повелбата за внатрешна ревизија, како и Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори.

За секоја спроведена ревизија се изготвува целокупна документација која го претставува ревизорското досие, кое е селектирано и подредено со број, поради организираност во извршувањето.

Покрај спроведените ревизии, Одделението за внатрешна ревизија во текот на 2019 година ги извршуваше и следните активности:

- Изготвување на изјавата за квалитет на состојбата за внатрешните контроли за 2018 година, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/09, 188/13 и 192/15).

- Изготвување на Годишен план за 2020 година и Стратегиски план за 2020-2022 година за работата на Одделението за внатрешна ревизија, кој е одобрен од директорот на ФПИОСМ и доставен до Министерството за финасии.

- Согласно меѓународните стандарди за извршување на внатреша ревизија, Одделението за внатрешна ревизија има изготвено Регистар на препораки, кој редовно се ажурира по издадени извештаи, или спроведени препораки. Ажурираниот регистар на препораки од 16.01.2020 година содржи петнаесет (15) конечни извештаи од внатрешната ревизија и се опфатени сто шеесет и три (163) препораки, во времето на нивното ревидирање. Ажурираниот регистар на препораките од 16.01.2020 година, ги има опфатено периодот на извршени ревизии од 2017, 2018 и 2019 година, во него се сместени наоди и препораки од процеси за кои треба подобрување.

- Регистарот на ризици се ажурира најмалку еднаш годишно, со сопствена проценка за ризиците кои се закана за работењето на ФПИОСМ. Регистарот на ризици содржи 143 проценети ризици од четирите сектори во ФПИОСМ, а проценките се направени врз основа на ревизии кои се спроведени во изминатиот период, или по процедури за работа од одделението.

- Во текот на 2019 година беше ажуриран Ревизорскиот универзум, кој е составен документ на Стратегискиот план на Одделението за внатерешна ревизија за период од 2020 – 2022 година. Овој документ се користи за проценка на ризици при планирање на ревизиите. Ревизорскиот универзум ги дефинира клучните процеси и цели на тие процеси за да ги оцени со факторите на ризик.

- Во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година, спроведени се ревизии согласно Годишниот план за 2019 година. Во текот на 2020 година предвидено е спроведување на follow up ревизија за спроведување на препораките за секоја извршена ревизија одделно, согласно планот за примена на препораките.

Во продолжение следува преглед на спроведени ревизии за период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година.

1. Ревизија на процесот на исплата на пензиски примања во Секторот за финансиски прашања во ФПИОСМ.

2. Ревизија на усогласеност на процесот на заведување, распоредување и експедирање на пошта, сопствени акти, документи и предмети во писарниците на ФПИОСМ.

3. Follow up ревизија на постапување по наодите и препораките од извршените ревизии за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година во ФПИОСМ.

4. Ревизија на процесот за плаќање на фактури за набавка на стоки и услуги во ФПИОСМ.

5. Ревизија на системот на внатрешни контроли на процесот на законско и навремено постапување по однос на поднесени барања за остварување на права од ПИО во филијалите на ФПИОСМ.

6. Ревизија на процесот за управување со сигурносните инциденти во Информациониот систем на организацијата и известување кон Раководството за постојните ризици во Секторот за информатика во ФПИОСМ.

## 3. Буџетска контрола

Одделението за буџетска контрола во рамките на Секторот за финансиски прашања, е формирано врз основа на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09 и 12/11). Во

Одделението, според Актот на систематизација работат 5 вработени, од кои 4 стручни соработници и раководител на Одделението.

Во текот на 2019 година, Одделението за буџетска контрола во целост ги реализираше сите зацртани задачи предвидени со Програмата за работа и со Планот за извршување на финансиски контроли во Фондот на ПИОСМ.

Во текот на 2019 година редовно вршеше:

- Ех-анте и Ех-пост контрола на сите склучени финансиски договори на Фондот со другите институци и ја следеше нивната реализација;
- Сите влезни фактури при што е вршена проверка на 1200 фактури на истите пред да се изврши исплатата;
- Редовно следење и информирање на помошник директорот на Секторот за финансиски прашања за извршувањето на буџетот;
- Внатрешна распределба на буџетот согласно ЗЈВФК;
- Редовна контрола на патните налози и фискални сметки за гориво;
- Финансиска проверка на одобрените средства во буџетот за јавни набавки;
- Одржување на системот за управување со квалитет ИСО 9001:2015 стандард.

Одделението за буџетска контрола во текот на 2019 год, активно учествуваше во комисии за пописот на имотот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија исто така, активно беа вклучени и во проектот за бањско- климатско рекреација.

## 4. Јавни набавки

Со Годишниот план за јавни набавки на Фондот во 2019 година се планирани 59 постапки, и тоа: 22 постапка за набавка на стоки, 35 постапки за услуги и 2 постапки за работа.

Прикажаните податоци за јавни набавки се однесуваат на огласите за јавна набавка, прилозите, поништувањата, сите склучени договори за јавни набавки и електронски аукции/поднесување на конечна цена во дадениот период.

Согласно новиот закон („Службен весник на РСМ" бр. 24/2019), е објавена Квартална евиденција за набавки под праговите и посебни услуги на ЕСЈН за периодите од: 01.04.2019-30.06.2019; 01.07.2019-30.09.2019 и 01.10.2019-31.12.2019, чија проценета вредност без данокот на додадена вредност е до: 1.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги, 5.000 евра во денарска противвредност за работи и 10.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги и вкупната вредност на сите набавки под овие вредносни прагови не надминува 12.000 евра во денарска противвредност во тековната година.

Во 2019 година објавени се вкупно 66 огласи за јавна набавка и може да се констатира дека бројот на објавените огласи е поголем од 2018 година кога биле објавени 58 огласи.

**Табела бр.1 Приказ на бројот на објавени огласи според вид на постапката за 2019 година**

| Вид на постапка | Број на огласи |
|---|---|
| Постапка со барање за прибирање на понуди (m) | 11 |
| Набавка од мала вредност | 17 |
| Постапка со барање за прибирање на понуди | 4 |
| Поедноставена отворена постапка | 23 |
| Отворена постапка | 9 |
| Доделување на договори за јавна набавка согласно категорија на услуги 17-27 | 1 |
| Набавка на посебни услуги | 1 |
| Вкупно | 66 |

Од горенаведените податоци може да се заклучи дека најмногу огласи за доделување на договор се објавени со поедноставена отворена постапка и постапка со барање за прибирање на понуди (М).

**Табела бр.2 Приказ на бројот на објавени огласи според вид на договорот за јавна набавка за 2019 година**

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на објавени огласи | % |
|---|---|---|
| Стоки | 27 | 40,90 |
| Услуги | 37 | 56,10 |
| Работи | 2 | 3,00 |
| Вкупно | 66 | 100,00 |

Од направената анализа на бројот на огласите според видот на предметот на Договорот за јавна набавка, се забележува дека најмногу огласи за доделување на договори се објавени за набавка на услуги, и тоа 37 (56,10%) огласи, за стоки се објавени 27 (40,90%) огласи и 2 (3,00%) огласи за работи.

Договорниот орган Фондот на ПИОСМ во 2019 година склучил вкупно 83 договори за јавни набавки кои се однесуваат на постапките, и тоа: 24 договори со отворена постапка, 10 договори со барање за прибирање на понуди (м)/22 договори со набавка од мала вредност, 3 договори со барање за прибирање на понуди со оглас/22 договори со поедноставена отворена постапка, 1 договор за доделување на договори за јавна набавка согласно категорија на услуги 17-27 и 1 договор со Набавка на посебни услуги.

Сите податоци во врска со склучените и реализираните договори за јавни набавки се објавени на ЕСЈН (**https://e-nabavki.gov.mk**) целосно се достапни за јавноста.

Вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки во 2019 година изнесува 106.607.657,00 денари и е зголемена за околу 20% во споредба со 2018 година која изнесуваше 86.257.741,00 денар.

**Табела бр.3 Приказ на бројот и вредноста на склучени договори според вид на постапка за доделување на договор за јавна набавка**

| Вид на постапка за доделување на договор | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори со ДДВ | % |
|---|---|---|---|
| Постапка со барање за прибирање на понуди (m) | 10 | 1.354.472,00 | 1,27 |
| Набавка од мала вредност | 22 | 4.147.039,00 | 3,90 |
| Постапка со барање за прибирање на понуди | 3 | 3.000.000,00 | 2,80 |
| Поедноставена отворена постапка | 22 | 34.381.068,00 | 32,25 |
| Отворена постапка | 24 | 62.753.078,00 | 58,87 |
| Доделување на договори за јавна набавка согласно категорија на услуги 17-27 | 1 | 472.000,00 | 0.44 |
| Набавка на посебни услуги | 1 | 500.000,00 | 0,47 |
| Вкупно | 83 | 106.607.657,00 | 100 |

Според бројот на склучените договори, најкористена е отворената постапка преку која се склучени 24 договори во вредност од 62.753.078,00денари, односно 58,87% од вкупната вредност на јавните набавки на Фондот.

По отворената постапка во поглед на склучените договори, следи поедноставена отворена постапка - склучени 22 договора во вредност од 34.381.068,00 денари -32,25 % од вкупната вредност.

Табела бр.4 Приказ на бројот и вредноста на склучени договори според вид на договорот за јавна набавка

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори | % |
|---|---|---|---|
| Стоки | 36 | 39.529.896,00 | 37.10 |
| Услуги | 45 | 58.842.718,00 | 55,20 |
| Работи | 4 | 8.235.043,00 | 7,70 |
| Вкупно | 85 | 106.607.657,00 | 100 |

Според видот на договорот за јавна набавка, најголем дел од вредноста на договорите за јавна набавка отпаѓа на услуги.

## 5. Солидарен фонд

Согласно член 115 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на корисникот на пензија, со негова согласност му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во Здружение на пензионери (членарина).

Согласно Одлуката на Регистрираната организација на Сојузот на пензионерите на Македонија за 2019 година, износот за посмртна помош изнесува 120 денари, а за членарина 30 денари месечно.

Посмртната помош за починати корисници на пензија за 2019 година изнесуваше 30.000 денари.

Табела бр.23: Движење на издвоените и исплатени средства за Солидарен фонд- посмртна помош на корисниците на пензија по месеци во 2019 година

| Месеци | Корисници на пензија | Солидарен фонд | Починати корисници | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 299.651 | 36.286.570 | 1.739 | 52.170.000 |
| Февруари | 299.587 | 36.239.800 | 1.220 | 36.600.000 |
| Март | 299.937 | 36.309.660 | 1.497 | 44.910.000 |
| Април | 300.134 | 36.316.260 | 1.266 | 37.980.000 |
| Мај | 300.499 | 36.391.170 | 917 | 27.510.000 |
| Јуни | 301.416 | 36.607.090 | 1.339 | 40.170.000 |
| Јули | 301.612 | 36.543.960 | 1.082 | 32.472.000 |
| Август | 302.061 | 36.661.510 | 1.171 | 35.130.000 |
| Септември | 302.510 | 36.655.990 | 1.236 | 37.080.000 |
| Октомври | 302.980 | 36.738.410 | 1.082 | 32.460.000 |
| Ноември | 303.750 | 36.916.490 | 1.246 | 37.380.000 |
| Декември | 304.541 | 36.957.000 | 1.112 | 33.360.000 |
| Вкупно | | 438.623.910 | 14.907 | 447.222.500 |

Во 2019 година, од корисниците на пензија за Солидарен фонд - посмртна помош се задржани средства во износ од 438.623.910,00 денари, додека на членовите на семејствата на починатите 14.907 корисници на пензија, се исплатени средства во износ од 447.222.500 денари.

Издвоените средства за посмртна помош во износ од 438.623.910,00 денари во однос на исплатените средства во износ од 447.222.500,00 денари, покажува дека исплатените средства за 2019 година се нецелосно покриени со издвоените средства за оваа намена, а дефицитот од 8.598.590,00 денари е покриен со пренесените средства од 2018 година на сметката за исплата на Солидарен фонд кои изнесуваат 30.288.358,00 денари.

**Табела бр. 24:** Во период од 2010 до 2019 година, издвоените и исплатени средства за посмртна помош изнесуваат:

| Година | Корисници просек | Издвоени средства | Починати корисници | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| 2010 | 262.370 | 377.910.674 | 12.617 | 378.501.162 |
| 2011 | 262.179 | 377.587.680 | 13.112 | 393.360.000 |
| 2012 | 265.764 | 382.711.152 | 13.219 | 396.570.000 |
| 2013 | 272.243 | 392.031.120 | 13.374 | 401.220.000 |
| 2014 | 277.609 | 399.757.920 | 13.378 | 401.340.000 |
| 2015 | 281.637 | 408.042.330 | 13.712 | 417.960.000 |
| 2016 | 286.467 | 416.309.460 | 13.878 | 416.340.000 |
| 2017 | 291.502 | 441.213.820 | 14.676 | 440.280.000 |
| 2018 | 296.386 | 428.943.674 | 13.402 | 402.060.000 |
| 2019 | 301.557 | 438.623.910 | 14.907 | 447.222.500 |

Бројот на починатите корисници на пензија во 2019 година изнесува 14.907 корисници, а во 2018 година изнесува 13.402 починати, што значи имаме зголемен број на починати корисници на пензија за 1.505.

## 10. Информатички систем

### 1. Одделение за развој на информацискиот систем

Стручната служба на Фондот ги вршеше секојдневните активности со кои се обезбедуваат редовни распределби на уплатите за придонес кои секојдневно пристигнуваат на мост сметката со која управува Фондот, преку упарување на податоците за уплатите доставени од Трезор со податоците за платените МПИН пријави кои ни ги доставува УЈП. Со ова се за извршува процесот на распределба на уплатите и податоците меѓу ФПИОСМ и приватните пензиски фондови, со контрола и потврдување од МАПАС, за потоа да се дистрибуира дел од парите на истуционалната сметка на Фондот, а дел во приватните пензиски фондови, а покрај парите се

дистрибуираат и податоците за секое лице. Со оваа задача се обезбедува приливот на пари за исплата на пензиските примања.

Исто така, се разрешуваат проблематичните уплати (неконзистентности), во координација со Одделението за контола на податоци од придонес за ПИО. Податоците за МПИН пријавите сега се контролираат во УЈП и потоа се преземаат од таму. Се документираат делови од процесот за дневна распределба, со што се овозможува поголема контрола на процесот и преземање на соодветни мерки при непланирани.

Се извршуваат тековни задачи, одржување на апликациите кои се наброени. Сите апликации имаат свои специфичности кои произлегуваат од деловните дефиниции, информатичката технологија и програмското решение, и во целина за секоја од нив потребни се повремени или редовни интервенции, надгледување на резултатите, аналитички пристап и повремено вршење на корекции во деловно-апликативните решенија.

Се врши пробна работа со инсталирани последни верзии на Оракл Формс и Репортс алатките, со технологија на Оракл Веб Логик сервери инсталирани во работна околина на два персонални компјутери со 64 битна Виндоус 10 оперативен систем.

Тест на Јава 32 и 64 битна виртуелна машина за работа на апликативните содржини со повикување на надворешни програми (скенирањето функционира само со 32 битна Јава, доколку се имаат 32 битни програмски модули, како што е тоа случај кај нас со скенирањето). Апликациите изработени со Оракл Формс кои се повикуваат преку јава аплет технологијата, стануваат проблематични заради ограничувањата на новите интернет пребарувачи преку кои досега се активираа Оракл Формс апкликациите.

Оракл обезбеди начин, Формс апликациите да може да се повикуваат како независни (самостојни) или “standalone” јава апликаци, со што е обезбедена иднина за користење на Формс апликациите и во следната деценија.

Обуки и усовршување на вработените.

Во рамките на технологиите кои се применуваат, потребни се вештини како од субспецијалистички карактер, така и од општо познавање на различни информатички технологии, за да се планираат ефикасни информатички решенија. Обуките во овој период се сведени на самообуки.

Проект за упатување на бањи од МТСП, префрлен во Фондот на ПИОСМ.

Апликативна поддршка во сите делови на процесот, при внос на барања, подготвување селекција, известување, исплата на патни трошоци.

Различни задачи, од типот на побарувања на различни информации од системот, извештаи , статистики и т.н.

Учество во пензиските реформи поврзани со вториот столб.

Анализи, тестирања на законски измени и нивно спроведување.

## 2. Одделение за апликативен софтвер

Во тековната 2019 година, континуирано се работеше на одржување, усовршување и доградување на сите постоечки линии апликативни решенија за поддршка на деловните процеси :

### 1. Во делот на регистрација на обврзници и осигуреници

- Редовни измени и дополнување на софрверот за регистрација на обврзници и осигуреници согласно законските промени, одлуки на Владата, или други барања.
- Обезбедување дневна ажурност на Регистерот на обврзници и осигуреници (М11/1, М11/2 пријавите за обврзниците добиени од УЈП, М1/М2/М3 пријавите за осигурениците преземени од порталот на АВРСМ).
- Автоматско масовно генерирање и утврдување на годишни податоци за утврден стаж и остварени плати и надоместоци (годишни М4, М6, М8, М10 пријави), врз основа на месечните податоци за пресметани и исплатени плати и придонеси од 2006 до 2019 година.

- Активности кои произлегуваат од законот за ЗКПИО на РСМ – Сервисирање на вториот пензиски столб.
- Обезбедување дневна ажурност на Регистерот на членови во ППФ.
- Сервисирање на апликацијата и податоците за осигурениците-членови во ППФ, кои оствариле право на пензија во првиот столб и изготвување извештаи за МАПАС.
- Во рамките на реформите на пензискиот систем, во 2019 година интензивно се работеше на анализирање, корегирање програмски решенија и податоци во соработка со Министарството за труд и социјална политика и МАПАС. Потребата од таа активност произлезе од некои категории на осигурувања, кои не беа предвидени во периодот на креирање на процесот: субвенционирани осигурувања, договори на дело.

2. Во делот на матичната евиденција на корисници на права и исплата

- Анализа и разрешување на дојавени проблеми од корисници на софтверот од делот за решавања на права од ПИО и исплати на пензиски примања.
- Обезбедување апликативно решение за спроведување на законските промени во врска со ревизија на пензиските предмети.
- Дефинирање нови контроли во постоечкото софтверско решение за решавање на права од ПИО и исплати на пензиски примања за членовите на вториот столб.
- Редовни измени и дополнување на софтверот за корисниците на права и исплата на пензиските примања согласно законските промени, одлуки на Владата, или други барања.
- Проверка и анализа на редовните месечни исплати на пензиските примања на активните корисници.
- Одржување и доградување на софтверското решение за потребите на Одделението за странски конвенции за следење на движење на предметите.

- Проверка, анализа и техничка поддршка на деловниот дел во откривање и отстранување на грешки во податоците за исплата на пензии.
- Проверка и анализа на редовните месечни исплати на пензиските примања.
- Апликација за пресметување на персонален данок од пензиските примања за секој корисник на пензија и нивно доставување до УЈП.
- Одржување и доградување на софтверот за преземање на уверенија со податоци од матична евиденција по електронски пат, како и поднесување на барање за пензија преку интернет.

3. **Во делот на Оцена на работната способност (инвалидност)**

- Анализа и поддршка на софтверот за оцена на работната способност.
- Изготвување разни статистички прегледи и извештаи за потребите во службите во Фондот.
- Одржување на апликацијата за архивско работење во прв степен, дописи, известија и заклучоци на Комисијата за уредност и комплетност на документацијата, закажување прегледи по барање на осигурениците за оценка на работната способност.

4. Учество во имплементацијата на проектот за дигитализација на старите микрофилмски снимки на M1, M2, M3, M4, M5, M6, M7, M8 i PS обрасците и миграција на старите микрофилмски записи од RMS датотеките на VMS оперативен систем во ORACLE.

5. Подготовка на податоци за осигуреници, обврзници и корисници на права, како и изготвување на прегледи за потребите на Актуарската единица, МТСП, ДЗС, Светка Банка...

6. Анализа на претплати по основ на неосновано исплаќање пензии на деца-корисници на семејни пензии постари од 26 години и пензионери кои во исто време се во работен однос.

7. Анализа, спроведување и контрола на апликативното решение на барањето на МТСП во врска со селективното зголемување на пензии (подоцна основици) на пензиските примања.

8. Внос и валидирање на податоците за стаж и плата за вработените во МВР за постари години.

9. Размена и ажурирање на податоци со поранешни ЈУ- републики за починати пензионери.

**Одделение за ИТ инфраструктура и поддршка**

Во текот на 2019 година се набавени, инсталирани и ставени во функција:

- Систем за заштита на ИТ системот - Огнен ѕид (Firewall)
- Набавка на сеф за чување магнетни ленти
- Микрофилмски скенер
- Серверски лиценци
- УПС за микрофилмскиот скенер
- Проектор за потребите на јавни набавки и презентации

За техничка поддршка интервенирано е во 1,852 пријавени случаи.

Успешно се пратени околу 553.527 листи за стаж на 62.916 обврзниците со преглед на регистрирани податоци во матична евиденција.

**Отсек за обработка, скенирање и контрола на податоци и документи**

Преку системот за скенирање на документи во 2019 година, скенирани се 292 папки, или 238.265 пријави со 1 извршител.

Со новиот микрофилмски скенер со 1 извршител скенирани се 135 микрофилмови, или 801.053 пријави.

Контрола и архивирање на М-пријави вкупно завршени 307 папки, или 181.230 пријави со 8 извршители.

Супервизија на дигитализирани микрофилмови е направена на 111 микрофилмови со 622.112 слики со 8 извршители.

## 11. Стопанисување со имотот на Фондот

Во 2019 година, Одделението за стопанисување со имотот на Фондот, презеде повеќе активности во врска со своите надлежности и обврски согласно Програмата за работа усвоена од Управниот одбор за непречено и квалитено функционирање на домовите за живеење на корисниците на пензија, стопанисување со станбениот и деловниот простор, извршување на Програмата за реконструкција, адаптација и инвестиционо одржување на објектите на Фондот како на филијалите и Централата, така и на дел од пензионерските домови, обезбедување на потребната документација за впишување на објектите во сопственост на Фондот во катарската евиденција и добивање на имотни листови.

Во овој момент, Фондот стопанисува со вкупно 14 пензионерски домови, кои располагаат со 380 станбени единици во кои се сместени корисници на пензија.

Закупнината редовно се наплаќа преку задршка од пензијата, а останатите трошоци (комунални услуги) со помали потешкотии се наплаќаат. Вкупното задолжување за 2019 година изнесува 3.728.158,00 денари, а вкупно се наплатени средства од закупнини од корисниците на пензија во износ од 3.725.943,00 денари, или 99,94% наплата.

При ослободување на станови во домовите за живеење на корисниците на пензија, согласно ранг- листата и донесени одлуки од Комисијата, се склучуваат договори со нови корисници и се пополнуваат слободните станбени единици. Домовите се одржуваат редовно и се создадени услови за живеење на корисниците на пензија.

Со примената и функционирањето на електронскиот софтвер за сместување на корисниците на пензија во домовите за живење на корисници на пензија, се исклучи можноста за влијание на субјективниот фактор при вселувањето на корисниците на пензија во пензионерските домови, бидејќи ранг- листите се јавно објавени на веб - страницата на Фондот и сите баратели на сместување можат да го следат своето напредување на ранг- листите.

Фондот располага и со деловен простор во домовите за живеење на корисниците на пензија со површина од 9.365 $м^2$, од кој се издадени 8.625 $м^2$, а 790 $м^2$ не се издадени. За издавање под закуп на деловниот простор се објавуваат објави за електронско јавно наддавање, а посебна Комисија од Фондот врши избор на најповолен понудувач и после донесената Одлука за избор, се склучува Договор и истиот се издава. Во 2019 година склучени се 15 нови договори за деловен простор.

Во 2019 година Фондот на име закупнина за деловен простор има фактурирано 13.407.136 денари и наплатено 12.521.392 денари, или тековната наплата е 93,39%. Во овој период, од вкупно пренесените побарувања од претходен период во износ од 4.782.291 денар, наплатени се 834.758 денари, или 17,46% од пренесените побарувања.

Во истиот период е пресметана и задолжена камата за доцнење на плаќање во износ од 27.581 денар.

Редовно се испраќаат опомени до закупците за доцнење со плаќање, со што се спречува да се доведат во ситуација истите да бидат тужени, или да им бидат раскинати договорите.

Во 2019 година, Одделението продолжи со активностите околу ажурирање на документација за упис на имотот на Фондот во Агенцијата за катастар на недвижности. За сите објекти со кои располага Фондот а истите не се запишани во сопственост на Фондот, имаме благовремено поднесено валидна документација до Министерството за транспорт и врски, меѓутоа поради инертноста на службите во Министерството, истите сè уште не се завршени.

Во 2019 година, извршени се инвестициони активности во рамките на предвидените средства со Буџетот на Фондот за 2019 година, со цел да се подобрат условите за работа на вработените, како и во домовите за престој на корисниците на пензија, како би се подобриле условите за престој на корисниците на пензија во пензионерските домови.

# VI. ЗАКЛУЧОК

Извештајот за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2019 година, комплетно го прикажува остварувањето на сите значајни функции од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување преку бројни статистички и други показатели.

Воведниот дел од извештајот, во скратена форма ги прикажува сите активности во 2019 година, а во продолжение на Извештајот споредбено и аналитички се прикажани остварените резултати.

Остварените приходи во 2019 година и пренесените парични средства од 2018 година, овозможија Фондот редовно и навремено да ги изврши обврските кон корисниците на пензија и други права од доменот на својата работа, како и другите обврски кои произлегуваат од тековното работење на Фондот. Зголемените приходи за 10,26% во однос на 2018 година и остварениот вишок на приходи во однос на расходите од 2.793,09 денари, претставува чекор кон стабилизација на пензискиот систем и реален основ за дополнително законско зголемување на висината на пензиите на почеток на 2020 година.

Фондот, работата во 2019 година ја изврши ефикасно, успешно и навремено, што се гледа од деталните податоци за извршените задачи.

Осигурениците и корисниците на пензија непречено ги остваруваа своите права во Фондот во согласност со Законот, Статутот и другите општи акти на Фондот.

Исплатата на пензиите се извршуваше редовно и во воспоставените рокови, а усогласувањето на пензиите се вршеше согласно законските прописи.

*  *
*

Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 27.05.2020 година, го усвои Извештајот за работата на Фондот на ПИОСМ во 2019 година.

02-2107/1
27.05.2020

ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ,

Shaip Zeneli

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,

Боро Варошлија